## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јуни 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 99-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Амдрек Жерновски, Љубисав Иванов - Ѕинго, Ќенан Хасипи, Есад Рајиќ, Неждет Мустафа, Мите Николов, Славе Арсовски, Ванчо Георгиев, Зоран Крстевски, Али Ахмети, Фазлил Велиу, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Абдулади Вејсели и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме по 27-та точка - Предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи.**

Господине Паљошковски имате збор.

**Ѓорѓи Паљошковски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Ако се тргне од тезата дека тутунот како вид на индустриско растение е добро од општ интерес за Република Македонија произлегува дека во оваа стопанска гранка се вклучени повеќе сегменти и аспекти. И тоа: социјален, економски, сстопански и други. Зошто е тоа? Затоа што во производството на тутунот на ниво на Република Македонија се вклучени околу 40 илјади индувидуални земјоделски домаќинства и 200 илјади тутунопроизводители на ниво на држава, кои се занимаваат и произведуваат тутун од кои непосредно ја обезбедуваат својата животна егзистенција за себе и за своите членови на семејството.

Оваа традиционална земјоделска култура е една од носечките која е вклучена во добар дел во бруто општествениот производ на Република Македонија и секогаш обезбедува девизен прилив од странскиот пазар на кој се продава. А по својот квалитет и конкурентност учествува во добар процент и во вкупното светско производство на ориентален и најквалитетен тутун. Производството на таканареченото жолто злато од секогаш било гордост и достоинство на македонските тутунопроизводители кое производство и денеска е застапено во поголемите земјоделски региони во Република Македонија.

Јас во кратки црти би рекол за Законот за тутун и тутунски производи некои мои забелешки.

Во членот 13, не е дадено ништо во врска со рокот на исплатата на тутунот од денот на откупот.

Исто така, не пишува ништо во врска со тоа што ќе се стори доколку не се исплатат тие средства. Би требало да се вметне посебна одредба во овој член кој што ќе го регулира рокот на исплата на тутунот.

Потоа, во членот 18 не се добро регулирани односите во врска со фирмата која што го откупува тутунот и можноста таа да биде ликвидирана по неговиот откуп.

Во овој став пишува дека доколку фирмата отиде во ликвидација договорот ќе се поништи. Но доколку се случи таа да го откупи тутунот, да го земе од тутунопроизводителите, а потоа да прогласи ликвидација, кои се гаранциите кои што ги имаат тутунопроизводителите во овој случај.

Друго прашање, кое што треба да се реши, воопшто не е решено во овој закон е начинот на кој ќе се врати ДДВ на тутунопроизводителите. Исто така, не е регулирано кој ќе го изврши тоа враќање.

Друго прашање кое вистински ги засега тутунопроизводителите на цигари е на кој начин тие ќе бидат заштитени од нелегалното пакување, промет со цигари. Тоа е голем проблем со кој тие ќе се соочат. Се поставува прашањето дали тутунопроизводителите и нивните здруженија се прашани за нивното мислење по овој закон. Во соседна Бугарија на пример, без согласност на здружението на тутунопроизводителите не може да биде донесен никаков закон од областа на тутунот и тутунските производи. Во врска со главата во овој закон кој што го регулира откупот на тутунот, би сакал да се вметне став во некои од членовите 14 или 15, со кои што откупот на тутунот би се изведувал по цена која што ќе ја одреди берзата, односно откупот на тутунот да се врши по берзански цени.

Исто така би требало во овој закон да се дефинира тоа дали тутунот ќе добие третман на извозно ориентирана култура. Ако има таков третман овој земјоделски производ и неговите произведувачи би имале одредени бенефиции. Затоа, во овој закон би требало да има одредба која би го регулирала поттикнувањето на развојот со кој тутунот би станал извозно ориентирана култура. Во конкретниот случај, во овој закон се укинати сите бенифиции и одстрането е како култура од општ интерес. Како таков закон, мислам дека нема потреба да се донесува. Затоа, јас за овој закон ќе гласам прорив. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Паљошковски.

Господине Манев вие имате збор.

**Ефтим Манев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

По однос на предлогот за донесување на закон за тутун и тутунски производи, би сакал да го кажам следното. Најнапред од самиот предлог кој што е понуден во писмена форма и од уводното излагање на заменикот министер, моето мислење е исто како и на повеќето пратеници кои се изјаснија по овој закон дека таквиот закон, како што е предложен, нема потреба од неговото донесување во оваа форма.

Предлогот на законот и излагањето на заменик министерот, потребата од законот уште во почетокот е заснована на принципот што законот се носи од причини што Република Македонија го прогласува тутуновото производство дека понатаму не е од општ интерес. Тогаш не можам јас да помислам зошто е тој закон, ако тутунското производство во Република Македонија, го прогласиме дека не е од општ интерес. Како можеме тоа да го направиме? Кога се спомнува дека во Република Македонија со тутунското производство од примарното и понатаму, преработката, продажбата, сето тоа, во него работат повеќе од 150 илјади луѓе, како може тоа да не е од општ интерес. Што е, дали е посебен интерес таму за тутунарот. За Република Македонија и те како засега во овој период што го живееме тутуновото производство и те како е од интерес за Република Македонија, затоа што голем дел од граѓаните наоѓаат егзистенција во него. Мислам дека таквата фраза, идеологија, што и да е, треба да се отфрли од законот и треба да се задржиме на оние постулати што ги имаше и досегашниот закон.

Кога ќе ги погледнам содржините на членовите, се многу смешни и незнам зошто постојат. Ако државата нема никаков интерес од тутунот што е тоа што прави обврски на самите тутунопроизводители, па и на оние претпријатија кои се занимаваат со откуп на тутун. Што е тоа што со овој закон се предвидува дека секој тутунопроизводител треба да го пријави производството на тутун во подрачното министерство, да му издадат зелена картица дека ќе сади тутун, а потоа треба да склучи договор со овластено претпријатие за откуп на тутун и да се придржува на некој договор кој што го предвидел во форма самиот закон.

Ако државата нема интерес од тоа, ако зборува дека тутунот треба да си го најде слободниот пазар во содственото производство, што е тогаш државата со овој закон да мисли дека ваков договор треба да се склучи. Тогаш нека ги остави луѓето, тутунопроизводителите и оние што откупуваат тутун, тие знаат какви договори да си направат. Зошто е оваа форма. Што има од тоа. Што е тоа? Или да го натера некој тутунопроизводител да земе сертификат, бирано семе за тутун од овластен институт, или било која организација што ќе го произведува да сади такво семе на тутун. Кој е заинтересиран за таквиот тутун? Дали Владата, или треба тутунопроизводителот да сади тутун за кој е заинтересиран откупувачот. Мислам дека нешто не е во ред. Нешто е правено што не може да најде примена во секојдневниот живот. Или сето тоа што го пишува во законот, повеќе стои дека ние како држава сме заинтересирани заз производство на тутун, но не сакаме да стоиме позади него. Сакаме да го држиме производителот во една подредена состојба да му дадеме некое семе од некој производител и не знаеме за која цена кое семе, затоа што сега во Република Македонија се продаваат семиња и за други култури. Ако земеш една семка за производство на краставица, е толку скапа, колку што се кило краставици. Земете кило компир. Првата реколта беше 80 денари во рана пролет, а сега кило компир е 10 денари. Дали ќе го доведеме и тутунот една семка тутун, за еден корен што ќе се произведе, да е поскапо од тоа што ќе го даде еден корен тутун.

Сметам дека овој закон не треба да добие зелено светло од парламентот и Владата ако има интерес за тутунското производство, а сметам дека треба да има, а интерес има цела Македонија, ваквиот закон не може да помине. Мора Владата да води сметка за сопствените граѓани кои во која област треба да најдат егзистенција. Во земјоделието работат голем дел на луѓе, може една третина од населението и ние сакаме токму во тој дел да не се осврнеме ни тронка, ни субвенции, ни дотации, ниту пари, ниту заштита, а бараме од тоа. Секоја Влада и секоја политичка партија во предизборието се борат дека ќе вработат луѓе. Каде ќе ги вработиме? Ако го оставиме ние тутунот во таква состојба каква што е во законот, за три-четири години ќе го нема, затоа што го обврзува во договорот да го даде на одредено претпријатие кое се регистрирало, а нема никаква обврска тоа претпријатие дали има средства да го плати тутунот. Зошто не ставиле одредба од тој договор, може да купи тутун претпријатие кое се регистрирало, ако пред да отпочне со откупот имал обезбедено средства во банката. За 100 тона, заз 500 тона, за 1000 тона тутун и во тие граници да купува тутун. Тутунопроизводителот е обврзан да го однесе тутунот таму, а овој можеби нема ни 5 денари за откуп. Ќе го откупи тутунот и заврши. Тоа што зборуваше колегата Пољошковски може да се ликвидира претпријатието и толку и никој не стои зад него. Кој е тутунопроизводител? Тутунопроизводител е најсиромашниот човек во Република Македонија, што не може да се штити, не може да се брани. Кој ќе го заштити ако не го заштити законот, ако не го заштити Владата, ако не го заштити Парламентот. Затоа, сметам дека ваков закон воопшто не е потребен. Не сакам да ги коментирам сите членови, би сакал само да се навратам на казнениот дел. Тој е

катастрофа. Да казнуваш некој, да одредуваш казни за тоа што ако не го дал тутунот на тој со кој склучил договор, а зборуваме за пазарно стопанство, каде е тоа пазарно стопанство, ако со овој закон го обврзуваше тутунопроизводителот уште во март месец да склучи договор со некој, со некое претпријатие, дали човек или било што, на кое претпријатие ќе му даде согласност Владата. Не зборувам за оваа Влада, може и наредна Влада, но Влада на Република Македонија, што јас сметам дека секоја Влада треба да биде критикувана, без разлика чија е, што во еден период, во март склучува договор, а ќе го купува тутунот наредната година во јануари. До тогаш можеби таа фирма ќе ја нема. Можеби ќе има еден човек во неа кој треба да го откупи тутунот. А, ако го продаде на друг, не може да го продаде тутунот, ќе биде казнет од 20 до 50 илјади или било колку.

Има многу чудни моменти во законот. Тој што ќе го откупува тутунот да има вработен еден образован, со познавање на технологија на тутун и еден среднист со познавање на таа технологија. Зошто е тоа? Што е тоа што го предвидува во законот Владата да има таков човек. Може да има многу подобри трговци од тој што го познава тутунот да го откупи и да го продаде. Зошто се наодите во законот дека ќе се одредат мустри на тутун по класи, прва, втора, трета и незнам која класа, каков тутун, по која цена ќе го плаќаат. Кои се причините да не може во законот да стои откупувачот да го купува и во низи. И до сега откупувал. Може откупувачот да го купи топтан целиот тутун и да види на кое кило тутун дава по 150 или 200 денари. Која е таа причина да го враќаш производителот да го калапи тутунот, како што се одредило за некои сорти на тутун што го пишува во законот. Овој закон личи на законот од 50-те години. Не личи на закон ниту на пазарно стопанство, ниту на договорна економија. Тоа е некоја чудна комбинација, смешна и непотребна. Таму вели за казнени одредби од 100 илјади до 300 илјади. Ако одредено претпријатие склучило договор со тутунопроиводител кој има случено договор со друга фирма што откупува тутун. Што е тоа со законот што се забранува еден производител да склучи договор со две фирми. Или пак една фирма да склучи договор со едно лица кое произведува. Што е тоа потребно тој податок да го има Владата или државата. Но така стои. Владата ќе води сметка дури на која парцела ќе се насади тутун. Тоа стоеше од бог знае од кога. Како да е некоја забранета култура. Едновреме беше забрането, кога се садеше афион, па се водеше таква сметка на која парцела, колку декари. Што е тоа што таквите одредби се ставени. Јас не можам да ги сфатам. Тие се штетни, назадни се. Ваков каков што е законот сметам дека воопшто не е потребен.Треба Владата да си го повлече. Кога беше министерот Славко Петров имаше еден таков сличен закон што го повлекоа и сметавме дека ќе ни достават поквалитетен закон. Скоро е ист законот. Ако Владата не може да обезбеди посоодветен, поквалитетен закон, нека предложи еден закон само со два члена дека досегашниот закон од 1996 година престанува да важи и нема закон повеќе, не треба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Манев.

Повелете господине Најдовски, имате збор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Со оглед на тоа што дел од забелешките што ги имав веќе се изнесени, ќе с еобидам најкратко што можам неколку работи да кажам.

Прво, се поставува прашањето дали ни е потребен ваков закон, односно Закон за тутун и тутунските производи во Република Македонија и не се согласувам со оние пратеници кои незадоволни од одредени решенија што се дадени во самиот закон генерално заклучуваат дека не ни е потребен закон. Напротив, имајки ја предвид целокупната проблематика што е поврзана со тутунот и тутунските производи, нам ни е потребен закон, а друго е прашањето - и во одредени работи се согласувам со дискутантите што и вчера и денес дискутираа дека одредени решенија во самиот закон треба да претрпат измени, па затоа ова е само Предлог за донесување на закон и сметам дека треба да дадеме подршка дека има потреба од донесување на закон, а истиот треба да претрпи доста измени и на тие измени ќе се задржам. Потребен ни е овој закон заради тоа што тутунот и тутунските производи имаат својство што на оние кои се во повисоката фаза поврзана со обработката и продажбата на тутунот и тутунските производи носат голем профит и голма заработувачка, наспроти нив основните производители односно тутунопроизводителите - се согласувам со оние кои вчера дискутираа дека со тутун се занимаваат само оние кои се најсиромашни во оваа држава и кои не можат на поинаков начин да заработат за својата егзистенција. Ако за секое производство во земјоделството или било која друга стопанска гранка кажеме дека основната цел е заработување односно остварување на профит, за тутунопроизводството можеме да кажеме дека основна цел е преживување, односно некои минимални дополнителни заработувачки на оние кои се занимаваат со тутун.

Првото прашање што и вчера се отвори, но се отвара и сега е што дефинитивно треба да кажеме или да се залагаме за тоа состојбите во тутунопроизводството да останат статус кво, односно ќе се вратиме на државен интервенционизам. Вчера и господинот Ѓорчев дискутираше за тоа, дали ќе се залагаме за државен интервенционизам во земјоделското производство, кое во некои земји од Европската

унија преминуваат дури во протекционизам, кој е својствен единствено за земјоделското производство за разлика од останатите стопански гранки. Или пак ќе се определиме за пазарни односи во оваа област, па ако го погледаме самиот закон ќе дојдеме до ситуација дека предложениот закон е хермафродит, од една страна сака да воведе пазарни односи со одредени членови во тутнското производство, од друга страна сака да задржи целосна контрола на тутунското производство од страна

на државата и во оние делови каде што не му е местото. Затоа, сметам дека прво треба да се разјасни основната теза која сака предлагачот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ја даде во овој закон. Или ќе се определите за целосно либерализирање на производството на тутун и за тој дел ќе разговараме или пак ќе се определите за државна капа или државен интервенционизам, па за таков начин да разговараме. Два мешани начини нема да дадат никаков резултат.

Втора работа која беше загатната, дали државата има интерес околу тутунопроизводството, се разбира дека има. Државата е заинтересирана за секој производ кој што носи прилив во домашното производство, во бруто домашниот производ, уште повеќе ако имаме производ кој што носи значителен девизен прилив. Прашањето за поттикнување и помагање на тутунското производство не можеме да го регулираме во овој закон. Затоа сметам дека треба да се вклучи и Министерството за финансии и кога ќе го разгледуваме буџетот и сите мерки за поттикнување на севкупното земјоделско производство од тој аспект, тогаш да разговараме. Морам да кажам дека ние кажуваме дека во минатото имаше помагање од страна на државата на тутунопроизводството. Еднаш дискутирав во овој Парламент, па имаше реакции од некои тутунски комбинати и сега повторно ќе кажам. Државата никогаш не го помагала тутунското производство, никогаш не ги помагала тутунопроизводителите. Напротив, државата, и министри и влади, потпомагале тутунски комбинати, ги потпомагале менаџерите кои лошо ги менаџирале тутунските комбинати во Република Македонија. Од една таква ситуација денес имаме огромни - во овој момент не ја знам точната бројка - финансиски средства на државата кои пропаднале, а тоа се пак пари на граѓаните, во тие тутунски комбинати, кои се давале при откупот на тутунот, кои наместо кај тутунопроизводителите оделе кај менаџерите на тие тутунски комбинати. Таков е примерот со комбинатот во Крушево и да не ги споменувам и другите овде, што со милиони евра останаа должни на државата, а државата дојде во состојба да има резерви во стоковните резерви со тутун, на кои не знаеше што да им прави. А да не зборуваме за малверзациите кои се јавувале при квалитетот и класите на тој тутун што остана во државните резерви или останал во сопственост на државата заради тоа што државата, односно било која влада се ставила во позиција на гарант за враќање на кредит на тутунските комбинати. Затоа сметам дека тој начин треба целосно да се напушти и ако зборуваме за поттикнувања и помагање на тутунското производство сум за директно помагање на тутунските производители. Комбинатите и претпријатијата кои што вршат откуп нанесоа многу финансиски штети на Република Македонија, кои сега ги плаќаат сите граѓани.

Следното прашање е околу склучувањето на договорите. Господинот Ефтим Манев зборуваше за тоа, а јас би спомнал само две работи. Во Предлогот за донесвуање на закон се забранува, може така да се каже, склучување на договор на еден производител со две откупни претпријатија или пак во еден друг член, мислам во членот 12, се вели дека откупувачот не може да склучува договор ако претходно тутунопроизводителот склучил договор со друго претпријатие. Мислам дека тука треба да се доразјасни, затоа што како ќе се постапи ако еден производител произведува два видови на тутун што се различни, со кои едниот откупувач се занимава, а другиот не. Или обратно, откупувачот не ја откупува таа сорта на тутун. Мислам дека тоа треба да се доразјасни.

Прашањето околу претпријатијата кои што ќе вршат откуп е доста значајно и тоа е уште еден аргумент дека треба да се донесе законот. Имаме еден пример. Некаде 2000 година откупот на тутунот го вршеше Тутунското прептијатие од Охрид. Голем број производители од Могила, Кукуречани и Битолската околина останаа со преземени количини од страна на откупувачот, со години не можат да си ги наплатат тие средства.

Затоа, сметам дека посебно прашање треба да се посвети на бонитетот на фирмите кои ќе вршат откуп на тутунот. Не е прашање дали ќе биде стручно оспособен со стручни кадри, туку е прашање на бонитетот и финансиската моќ на тоа претпријатие да ги откупи количините за кои ќе склучи договор. Затоа велам дека тоа е хермафродит, од една страна сакаме државна интервенција, а од друга страна пазарни односи. Во пазарните односи тоа ќе го регулираат меѓусебе двете заинтересирани страни. Но од друга страна овде стрикно го врзуваме производителот дека мора да му го продаде само на оној со кој склучил договор. Ако е така, тогаш нема пазарни односи и не може тие да воспостават односи на добавувач и доверител.

Во членот 18, меѓу другите начини што се наведуваат кога на откупувачот ќе му се одземе правото да откупува тутун, се вели "на друг начин стане неспособен за плаќање". Не ми е

јасно кој е тој друг начин да стане неспособен за плаќање, освен ако нема пари. А кој ќе го утврди тоа - тутнопроизводителот не може тоа да го утврди, ниту има моќ, ниту може да влезе да има информации за да види дали откупувачот е неспособен за откупување. Тоа е делот за откупување и производство на тутунот.

Уште еден дел за кој вчера госпоѓа Станковска го отвори прашањето, но не знам од кои причини, можеби несакајки да каже дека Владата постапи на одреден начин при разгледување на Предлогот на законот за ограничување на тутунските производи се обрати до предлагачите. Имено, јас и госпоѓа Ивановска кога го предложивме законот за ограничување на потрошувачката на тутунски производи, Владата во своето мислење ни одговори дека во фаза на подготовка е закон кој од страна на Министерството за економија, Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ја регулира таа област. Од тие причини не беше прифатен нашиот предлог на закон за донесување на закон за ограничување на потрошувачката на тутунските производи. Гледајки го сега овој закон, овој закон повторно не ја регулира таа област. Во овој закон се препишани три члена од Предлогот на законот кој што ние со госпоѓа Ивановска го поднесовме. Тие членови се препишани од а до ш, но тие членови не се она вистинското за решавање на оваа област.

Затоа, го поставувам прашањето до Министерството дали со овој закон ќе се реши потрошувачката, односно ограничувањето на потрошувачката на тутунските производи, заради тоа што во еден дел законот се занимава со прометот на тутунските производи илипак како до сега ќе ги расфрламе во неколку закони и на крајот нема да имаме никакво решение. Зато, сметам дека Владата како предлагач, сега Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство но во краен случај Владата треба во најскоро време да одговори, или ќе има посебна глава во овој закон каде што ќе стои ограничувањето на потрошувачката на тутунските производи или ќе се предложи нов закон, за да не дојдеме во ситуација повторно на крајот на годината - еве јавно кажувам, со оглед на тоа што два пати ја одложивме примената само на измените на Законот за заштита од пушењето, на крајот на годината, повторно ќе се доведеме во една незавидна ситуација. Затоа, треба да даде одговор на тоа прашање, ако не, подготвен сум повторно да го поднесам тој закон за да расправаме на таков начин, бидејки тие неколку членови кои се преземени од тој закон, вели член 45 точка 7 регулира дека ќе има предупредување за заштита од пушењето или штетноста на цигарите по здравјето на граѓаните, но воопшто не пишува колкава ќе биде таа површина, дали на штеките што ќе ги има, покрај пакетата која ќе биде пакувана ма кутијата цигари, тоа предупредување ќе го има. Тие делови треба да ги разјасниме.

Исто така, колку што ми е познато, никаде во светот не е дозволена продажбата на тутун за џвакање. Во овој закон тоа е дозволено на мала врата.

Следното прашање е прашањето кое ќе го имате во судирот со Законот за трговија, односно рекламирањето на цигарите, со Законот за заштита на храна и производи кои доаѓаат во допир со храната. Затоа, сметам дека дефинитивно треба предлагачот да одреди дали во овој закон ќе ги земе предвид сите проблеми кои се поврзани со ограничување н апотрошувачката на тутунските производи, или пак ќе имаме само фрагментарно решавање, односно засегање на тој проблем, а понатаму ќе останеме без да имаме решение.

Следна конкретна забелешка е: добро е тоа што податоците околу никотин, катран, јаглен моноксид и предупредувањето за здравјето ќе ги имаме на кутијата, но дали ќе ги имаме и на големите пакувања во кои ќе бидат пакувани цигарите. Прашањето околу истите податоци вели дека во рок од две години треба да се прилагодат на тие стандарди што се пропишани со законот, а од друга страна немаме податоци или решенија во законот до кога ќе биде примената со стариот изглед и старите податоци, со оглед на тоа што во тој период може да се јави тој проблем.

На крајот би завршил со тоа дека го подржувам Предлогот за донесување на закон и потребата за донесување на законот, но ако не ги има овие забелешки кои конкретно ги изнесов и ако дефинитивно во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не ја разјасните тезата, или сте за слободни пазарни односи во тутунското производство или сте за државен протекционизам, мешање на две работи не може да има, во тој случај во втората фаза нема да го подржам законот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Апостолов, имате збор.

**Петар Апостолов:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитуван заменик минситер, почитувани колеги пратеници,

Тутунопроизводството и се она што е поврзано со тутунот има големо социо-економско значење за Република Македонија. Веќе слушаме дека со примарно земјоделско производство на тутун се занимаваат над 150 илјади луѓе, а тоа е над 20% од вкупното земјоделско население, а во одредени региони со тутунопроизводство се занимаваат скоро 60% од земјоделците. Исто така, слушаме дека девизен прилив имаме над 100 милиони долари. Од овие показатели всушност се гледа значењето на тутунското стопанство од една

страна и економската состојба во тутнското производство и тутунската индустрија од друга страна, што за жал се одразува и врз примарното производство, односно врз земјоделските производители кои немаат никаква вина за она што се случува во оваа дејност.

Со Законот за тутунот 1996 година и измените на Законот од 1998 година не беше уредено производството и прометот на ферментираниот тутун, увозот и извозот на тутунските производи, што со овој Предлог треба да биде уредено. Основна цел на овој Предлог е да се напушти финансирањето на откупот на тутунот од страна на државата. Мораме да признаеме дека до пред некоја година тутунските претпријатија беа миленици на државата, која беше гарант, односно дел од Буџетот на Република Македонија им беше хипотека во банките, која за жал, таа хипотека, секогаш се активираше.

Во овој Предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи се вклучени три минситерства, односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија и Министерството за здравство. Секое од овие министерства со свој дел во она што значи примарно производство, па се до производство и промет на тутунски производи, чија цел е со донесување на единствен закон да се овозможи поедноставна примена на истиот.

На седницата на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство се водеше навистина конструктивна дискусија по овој Предлог, каде што имаше претставници и од различни здруженија и асоцијации. Сега би коментирал некои членови што треба да се разработат или да се изменат, а би дал и некои мои сугестии во врска со самиот Предлог.

Во член 10 мислам дека не е на одмет да се вметне целокупниот произведен тутун да го предаде на откупувачот со кој склучил писмен договор за производство и откуп на тутунот. Тоа и го обврзува производителот во овој Предлог во глава 3, посебно член 11 и член 12, при што за производство и откуп на тутун за една производна година и едно исто производство производителот не може да склучи договор со повеќе откупувачи.

За член 14 мислењето беше поделено, а мое мислење е дека член 14 е добар и треба да остане онаков каков што е, бидејки во него е дадено износот на авансот да не смее да биде помалку од 20% од договорената цена на тутунот. Значи останува тутунопроизводителот од една страна и откупувачот од друга страна овој процент да го зголемат, но никао да го намалт, во зависност од изнаоѓањето на заедничкиот интерес.

Во член 21 можеби треба да се вметне откупувачот да го снабдува со семе и заштита на расадо - производителот, се разбира бесплатно, затоа што ако немаме адекватно семе и квалитетна заштита на расадот може да дојде до нарушување на типската чистота на тутунот. Со тоа би изгубил и производителот на тутун и откупувачот.

Во член 30 сметам дека петтиот став треба да се брише, бидејќи во четвртиот став откупувачот е задолжен откупените количини на тутун од тековната реколта да го пријави во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа најдоцна до месец април наредната година.

Овие податоци Министерството може во секое време да ги добие од својата подрачна единица и затоа не треба повторно да бара од откупувачот за едни исти податоци кои се веќе дадени.

Размислувањето на Владата производителите и увозниците на тутунски производи за тутунските производи пуштени во промет во Република Македонија да пресмета и уплати такса во износ од 10% од малопродажната цена за секоја единична кутија или опаковка на тутунски производ, ја поддржувам. Со пресметките што се направени треба некаде да се соберат околу 11 милиони евра кои би отишле дирекно на самите тутунски производители.

Затоа сметам дека би требало да се размисли за формирање на фонд или агенција за тутун која би ги собирала и адекватно би ги распоредувала средствата.

Мораме да кажеме дека ние со овие фондови и агенции немаме некое искуство, но сметам дека прави луѓе на право место тоа можат да го демантираат.

Исто така треба да се размисли дали при формирање и одржување на фондот за тутун треба со финансиски средства да учествува секој откупувач на тутун, а не само тој што произведува тутунски производи и што увезува, а се разбира, со свои средства би учествувала и Владата на Република Македонија, но разликата меѓу сегашното учество на Буџетот и учество во претходните години е тоа што сега учествува директно во производството на тутун, а не како што порано учествуваше во финансирање на претпријатијата за откуп на тутун.

Значи, ако учествуваат сите откупувачи, тогаш од овде би можеле да се финансираат и семето и заштитните средства за расадот.

Со ова мислам дека и производителите на тутун и откупувачите би биле задоволни затоа што би се добил квалитетен тутун.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници.

Најпрвин би сакал да имавме барем еден министер како претставник, со оглед на тоа што овој закон го предлагаат два ресори и тоа Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија. Но, еве два дена расправаме, а тука е само заменикот министер, без министерот Садула Дураки и министерот Фатмир Бесими, господинот Санде Џамбазовски.

Не знам зошто не е тука министерот за земјоделие, барем да го видиме прв пат овде во Собранието откако е избран ако ништо друго барем за тутунот да прозбори односно да даде воведно излагање што е целта на оваа точка.

Но, што е тука е, да не заборавиме дека претходно имавме еден министер кој се закачи на оваа тема, па сега го нема. Можеби од тие причини сега расправаме со заменик министер.

Почитуван претседателе, колеги пратеници, денеска пред да излезам на оваа говорница се сетив на едно одамна минато време пред 7 години или повеќе или помалку, се сетив дека како пратеник, мојата прва дискусија, моето деби на оваа говорница и воопшто овде во Собранието на Република Македонија беше токму на тема тутунот и тутунопроизводството и тогаш го скршив мразот, така да се рече, кога излегов на оваа говорница и расправавме по една информација која имавме прилика да ја разговараме и дискутираме, поднесена од тогашната опозиција. Навистина ништо не очекував дека со мојата прва дискусија ќе станам стручњак за тутунот и буквално кога и да имаме тема тутун овде во законодавниот дом да мора да дискутирам.

Но и тогаш кога прв пат зборував и сега по не знам кој пат, една единствена причина што ме мотивира и што ме тера кога е ваква тема да излезам на говорница и да дискутирам. Тоа е, почитувани колеги, сепак тоа што доаѓам од Прилеп, доаѓам од градот на тутунот и ако ништо друго можеби од сите вас присутни знам нешто повеќе за тутунот и тутунопроизводството, нормално што некои не се од Прилеп, колегите од Прилеп сигурно знаат барем колку мене, а можеби и повеќе, така што во никој случај не можеме, барем ние што сме од Прилеп, да премолчиме кога е во прашање судбината на еден град, на едно тутунопроизводство.

Оваа година, почитувани колеги, за тутунот се расправа можеби најмногу од претходните, се расправаше по одредена информација на наше барање, како опозициона партија, потоа имавме неколку дебати за овој закон кој сега ни се нуди во прва фаза, но тогаш се викаше многу поинаку односно се викаше Законо за изменување и дополнување на Законот за тутун. Потоа имавме предлози, јас како пратеник и господинот Блаже Стојаноски на два наврати каде исто така предложивме закон за измена и дополнување на Законот за тутун, кои од парламентарното мнозинство беа отфрлени, па тој закон кој тогашната Влада во малку поразличен состав го поднесе помина во прва фаза и не ја дочека судбината на втора фаза и денеска ни се нуди повторно закон односно Предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи кој е повторно во прва фаза.

Мене не ми е јасно што се случи со оној претходниот и зошто умре во првата фаза, зошто не ја дочека судбината на втората фаза и нормално сега за да се задоволи правната процедура, требаше да се измисли нешто, да не стои овој Предлог за донесување на закон за тутун затоа што ќе беше нелогично повторно да се враќаме во прва фаза на еден закон кој веќе претходно сме го усвоиле. Нормално предлагачот го најде решението и овој закон го спои, спои две материи во еден закон, тука е законот за тутун и законот за тутунските производи за кои се зборува во половина од текстот на законот.

Според мене, веднаш на почетокот ќе кажам дека овие две материи значи тутунските производи и тутунот не треба да бидат во еден закон, затоа што регулираат сосема различни материи. Ако за оној дел каде што во законот се зборува за тутунските производи, нивното производство, промет и тн. е неспорен затоа што е тој усогласен со европските конвенции, тој е на крајот на краиштата правна празнина затоа што сме го немале досега и нормално дека треба да го имаме, апсолутно неспорен со мали различни видувања, но, да се спои во една ваква материја јас не го сваќам поинаку освен како алиби за да може да се покрие онаа материја за која овде сме дискутирале и за која најверојатно и предлагачот знае дека тешко ќе помине.

Да биде ова што го тврдам односно што го зборувам да биде во корист на тоа дека сум во право, ги гледаме истите решенија кои во тој закон за изменување и дополнување на Законот за тутун оние виталните и битните ги има и во овој дел. Факт е дека има и нови решенија кои можеби во првиот текст, во таа прва фаза на тој текст има нешто изменето, нешто е во подобра насока, но она што е суштински, останува и сега.

Сега, почитувани колеги, нејаснотијата останува и понатаму. Што е фактички тутунот? Што претставува тутунот во Република Македонија, како можеме да го дефинираме сега ако усвоиме ваков закон? Дали е тој стратешки производ, дали е производ од општ интерес или не е. Дали е тој земјоделска култура која е изедначена со сите други или има некој посебен третман?

Јас ќе ве потсетам, точно е дека Законот за тутун прв пат се донесе во Република Македонија 1996 година, две години подоцна претрпе измена, но да ве потсетам која беше причината зошто се донесе тој закон. Дали некој се праша еве и од пратениците, па и од

предлагачот, па и од јавноста, зошто немавме закон до 1996 година за тутун. Што беше тоа што ја натера тогашната Влада да поднесе еден таков предлог. Беше, почитувани колеги, токму состојбата во Република Македонија со тутунското производство, што тутунот, кажаа колегите, не би сакал да повторувам, е витална гранка во Република Македонија, тутунот е нашето жолто злато на кое сите се повикуваме во своите изборни програми, не би сакал да ја чекам програмата на СДСМ затоа што веќе ми стана досадна и не само досадна, туку веќе се гледа дека е чиста лага, кога зборува дека тутунот е жолто злато и дека Владата на СДСМ се ќе стори за да тоа остане така и да го добие своето место во оваа држава. Со ваков нејасен предлог дали тутунот е жолто злато, дали ќе остане жолто злато или тутунот ќе го сведеме со вакви решенија, како и сите други земјоделски гранки во Република Македонија? Со одредбите кои отпаднаа, тоа е членот 3, членот 4 од постоечкиот закон кои сега ги нема, а каде што се зборува дека тутунот е добро од општ интерес, дека Република Македонија ќе се грижи за стимулирање на тутунското производство итн,. Нивното отфрлање укажува дека тутунот во Република Македонија од денеска па натаму нема да биде стратешки производ, нема да биде жолто злато, едноставно ќе ги препуштиме тутунопроизводителите да бидат рамноправни со сите други кои произведуваат разни други земјоделски култури.

Не би сакал да повторувам, ама по се изгледа морам, дека 20% од населението во Република Македонија обработува тутун. Тоа не е мала бројка. Не би сакал да ви укажувам дека Уставот ја дефинира Република Македонија како социјална држава. Ако е социјална држава ние треба да водиме сметка за тие 20% затоа што токму оние најсиромашни слоеви во Република Македонија како единствен услов за преживување е да одгледуваат тутун. Со ваквите решенија ние треба да го избришеме во Уставот она дека Република Македонија е социјална држава. Тогаш во рамките на една таква измена на Уставот можеме да носиме вакви и уште полиберални закони.

Се поставува прашањето, ако добро го разгледаме овој закон, дали воопшто треба да се разгледува. Вие во една материја имате две различни работи. Во една материја зборувате како треба и што треба со тутунот да се произведува, какви се правата и обврските на едните, на другите, каде е местото на државата, а во вториот дел од законот зборувате за штетноста од тутунските производи, со сета онаа кампања што имавме прилика да ја слушаме од Меѓународната заедница која не ја спроведува и сега кога ќе го читате едното и другото си го поставувате логично прашањето дали треба да се одгледува тутун или не треба. Затоа велам тие две материи треба да бидат различни, одвоени. Со една таква кампања, со се она што во тутунските производи зборуваме за прометот, производството, колку е тоа штетно за здравјето, ние директно поврзувајќи ги овие две материи во еден закон, го доведуваме во прашање самото одгледување на тутунот. Значи, 20% од населението ги фрламе на страна, тоа е едното, а второто, државата крева раце од тутунопроизводството, на страна сите ветувања во кампањите на политичките партии особено на оние кои сега ја водат Владата.

Значи, тоа е една од многуте лаги кои имавме прилика да ги слушнеме или едно од многуте ветувања кои не ги остваривте, поточно не остваривте ниту едно, но ова е едно од покрупните.

Мора да го потенцирам тоа, пред граѓаните е многу лесно да се вети, но тешко да се оствари. Одговорна влада е таа што го остварува тоа што ќе го вети. Ако мене ми е јасно нека им биде јасно и на граѓаните.

Основната причина во 1996 година беше да се стимулира и да се регулира тутунопроизводството за да тој број граѓани 20% од вкупниот број си го најде местото во Република Македонија, местото од егзистенцијални причини. Тоа на некој начин се остваруваше.

Дали треба да ве запознаам и да ви укажувам со какви се проблеми се справуваа тутунопроизводителите, како одеше цената, кој колку имаше прилика да го откупува, како се откупуваше. Доколку во целото тоа време не стоеше државата како гарант и не стоеше онаа одредба дека тутунот е општо добро, добро од општ интерес, верувајте дека ниту еден тутунопроизводител немаше да го добие својот надомест кој со труд и мака го вложил.

Јас ќе ве потсетам пред 1998 година пред да дојде Владата на ВМРО на власт се сеќавам многу добро кога по 3, 5, 6 месеци не беше исплатен тутунот, се сеќавам на штрајкови кога во Прилеп не можевте да влезете затоа што никој не можеше да ги исплати. Ние наследивме една проблематика како тогашна Влада, па со учество на државата и ред други работи преку Бирото за стокови резерви таа мака на граѓаните беше надоместувана до ден денеска. Дури во наше време или во времето на Владата на ВМРО имавме и стимулации кои ги воведувавме, добро се сеќавате, еве заменик министерот можеби повеќе знае кога дававме и 30 денари по килограм тутун за стимулација за да во наредната година да се произведува многу повеќе.

Ќе ве потсетам и на нешто друго. Не би сакал, овде остана еден куп документи од се што сме расправале и се што имаме овде кажано и она што ни дошло од Владата, не би сакал да ве замарам, ќе одземам многу време, но да ги видиме бројките од 1998 година наваму колку се произведувало тутун, каква нагорна линија

имал од 1998 година па се до 2002 година производството на тутун, а какво е сега.

Дали тоа укажува дека на оваа гранка и е потребна комплетна либерализација или сепак е потребно некој кој ќе води сметка како да се стимулира или не тутунопроизводството.

Зошто се зголемуваше тутунопроизводството има два аспекта.

Едниот укажува дека народот живее во сиромаштија е последица на се поголемите технолошки вишоци, отпуштање од работа, кога нема што друго да работи освен тутунот, тоа беше едната причина.

И втората затоа што постоеше некаква гаранција дека ако работам тутун затоа што друго немате ништо гаранција од државата, ама буквално ништо што и да работите, ако работам тутун барем знам, иако е тежок, иако е мачен, дека во зима кога ќе го однесам ќе земам некакви пари, ако ништо друго, барем да се прехранам.

Со ваквите решенија тоа се отфрла, гаранција нема. Во законот зборувате дека тоа сега ќе се препушти на пазарното стопанство, дека странскиот капитал ќе навлезе, дека ќе се создаде конкуренција итн.

Ќе кажам, но да не се изразам грубо, уште поконкретно имате објаснување во кое велите дека одредбите во членот 3 и 4 од Законот за тутун постоечкиот, каде се зборува за општ интерес, каде што се зборува дека државата ќе се грижи за тутунопроизводството биле спротивни на Уставот, можете да замислите, а Законот за тутун е донесен 1996 година, Уставот е донесен 1991 година. Како увидовте после толку години дека е спротивен на Уставот. Ако беше спротивен, како не и пречеше на тогашната Влада 1996 година да го донесе тој закон и дури да опстојува цели десет години.

Значи, сега кога имаме потреба нешто да измениме, нешто да направиме на штета на овие граѓани во Република Македонија, тогаш оддеднаш се повикуваме на Уставот и после 20 години свативме дека овој закон односно тие одредби биле спротивни на Уставот. За сето време ниту имаше иницијатива, ниту се произнесе Уставниот суд, значи самата Влада која беше иницијатор, самото Собранието, сега после толку години увидува дека нешто било спротивно на Уставот, па спротивно со меѓународните договори итн.

Не е точно и воопшто не му пречи тоа на Уставот затоа што Уставот вели дека оваа држава е социјална држава. Значи, не му пречи, меѓутоа, вистината е следна и тоа треба јавно и машки да го кажеме.

Вистината е тоа што Владата на Република Македонија оваа за која што овој народ ја даде својата доверба во 2002 година, сега повторно на локални избори е таа што не сака да помогне односно што не сака да финансира во тутунопроизводството, поточно ги пушта граѓаните на Република Македонија тутунопроизводителите, со една проста реченица да кажам, да се снаоѓаат кој како знае и умее.

Ако го исчитате Предлогот значи член по член имате сосема контрадикторни работи. Од една страна се дефинира односот помеѓу тутунопроизводителот и откупувачот како договорен однос, од една страна ги упатувате едните и другите да склучуваат договори, во нив да ги уредат сите права на органот што значат еден договорен однос, а од друга страна упатувате насоки во членот дека државата ќе издава жолти картони, разни други мерки кои што се наведени во законот, кое нема блага врска. Зошто?

Ако е тој договор помеѓу двајца, што бара третиот. Сега што бара државата да се грижи колку ќе пријавел некој производство, дали ќе имал ваков картон заверен, или не, дали ќе употребел вакво семе, или не, зошто? Која е улогаа? Само за надзор, да правиме контрола без никакви други обврски? Почитувани колеги, ако станува збор за двостран договор, значи правно кажано, двостран договор значи договор помеѓу две страни. Правата и обврските произлегуваат помеѓу тие две страни. Ако ги упатувате тие две страни во судска процедура доколку некој не исплати, или не ги оствари обврските од договорот го упатувате по правилата за надомест на штета пред суд, што бара сега третата страна, освен да врши надзор и тн. Значи, навистина нелогична работа. Имаше логика во постоечкиот закон затоа што улогата на државата беше како трета страна, како гарант, а гарантот на некој начин е трета страна. Сега кога тоа го немате, не ја гледам причината. И затоа веднаш на почетокот ќе кажам, на членот 7, членот 9 воопшто не им е тука местото. Јас не знам што ќе регулираме. Производителот пред да склучи договор за откуп должен е да го пријави производството на тутун во подрачната единица на Министерството. Зошто е должен? Што ќе направи подрачната единица? Ќе го забележи дека е тутунопроизводител и никому ништо. За да знае Владата колку луѓе произведуваат тутун? Тоа можете да го направите и без таква обврска. Или став 3, министерот за земјоделство и водостопанство, да не го заборавиме, затоа што тоа водостопанство е многу битно за конкретниот министер ги пропишува образецот, содржината и начинот на издавање на картон. Зошто ни е сега картон? Јас знам зошто беше потребен во претходниот закон и тој картон е воведен со измените на законот и знам зошто тоа се направи, Но, сега не знам зошто? Сега во вакви услови при вакви измени, односно при вакви новини во законот, апсолутно не гледам зошто? Потрудете се да ми објасните.

Членот 9, дека треба да се пријави договореното производство на тутун во тековната реколта. Зошто да се пријави? Зошто не барате да се пријави претпоставка доматите, или пиперките колку се произведува. Ни таму државата не реагира, ни таму државата не е гарант, зошто тоа не го барате? Или тутунот е стратешки производ, ама веќе не е општо добро, државата нема никакви обврски, зошто е стратешки производ, пак не ми е логично, ако го препуштате сосема на договорен однос.

Не би сакал да дискутирам, гледам овде многу се отвори дискусија од пратениците за членот 14, за авансот. Авансот е и не е многу битен, тоа е споредна работа и за да некој земе аванс претходно треба некој да има да плати и за авансот, но и за самото производство кој треба да откупува. Во вакви услови со ваков закон тоа на нашите комбинати во Република Македонија тешко ќе можат да одвојат средства и за аванс, а камоли да го откупат тутунопроизводството, зборувам за Тутунскиот комбинат "Прилеп", зборувам за поголемите и тн. Сите овие години се соочувале тие таму што се во тутунски комбинат, конкретно во Прилеп, тие што раководат многу добро знаат со какви маки се срекаваат и дали воопшто можат да изнајдат средства и во оваа реколта, а камоли за идните, значи, за аванс, а камолил да го откупат и платат.

Членот 18 и членот 19, зборувате за еднострано раскинување на договорот. Ставот 2 вели: "производителот има право да го раскине договорот за производство и откуп на тутун, ако за откупувачот има отворено стечајна постапка, или е под стечај, или е во ликвидација, или на друг начин стане неспособен да плаќа. И таквиот раскин го пријавува во подрачното министерство.

Членот 18 е многу интересен, според мене многу дискутабилен, затоа што овој член 18 треба да го замени оној член 25 во претходниот, односно постоечкиот. Член кој што можеби заради тој член и се донесе Законот за тутун како основна причина за во услови кога ако тутунските комбинати, доколку тутунските комбинати во Република Македонија паднат во една состојба на стечај и ликвидација да има некаков надомест, односно тутунопроизводителите да не бидат оштетени. И сега вие велите, значи доколку е таква состојбата тие имаат право, или едните, или другите да го раскинат договорот.

Во член 19 се зборува на каков начин ќе се надомести штетата, значи, со судска постапка според општите правила на надомест на штета што се регулира и во Закон за облигациони односи. Значи, чист договорен однос.

Јас за да се сфатам што зборувам, за да ме разберат тие што сакаат да ме слушаат ќе мора да го кажам членот 25 кој беше досега. Тој исто зборуваше дека доколку во состојба на стечај и ликвидација, или било која неможност откупувачите не се во состојба да го исплатат тутунопроизводството, односно откупениот тутун, тогаш тоа го правеше Бирото за стокови резерви. Значи, огромна е разликата. Зошто го потенцирам ова? Во такви ситуации тутунопроизводителите не беа оштетени. Што ќе беше со комбинатите и Бирото за стокови резерви, веќе тоа е сосема друга работа и за тоа треба да си сносат одговорност тие што се на тие институции, но не можете да ги фрлите 20% од вкупното население производители со една ваква одредба, утре да немаат што да надоместат. Еве, јас ќе ви кажам во пракса, некој ќе рече, па што и фали на оваа одредба, ќе го раскине договорот, ќе тужи на суд и ќе земе што? Ништо. Што ќе земете вие од едно претпријатие кое оди во стечај и ликвидација? Во стечај и ликвидација се оди затоа што е во загуба, затоа што не може основната работа и дејност да ја врши, затоа што е заглавен со долгови и затоа што тие долгови не може да си ги наплати никој, а уште помалку тутунопроизводителите. И сега, во ситуација кога тутунопроизводителите ќе го предадат својот тутун, маката од цела година работа, овој отишол во стечај и ликвидација, што ќе земе со раскинувањето и со тужењето? Ништо. Ќе си се шета по судови како што знаеме, 4 - 5 години затоа што треба да живее, или дотогаш треба да јаде леб. Затоа велам, многу е лесно да го упатите на суд и многу е лесно да му кажете дека имал права според Законот за облигациони односи. Значи, не биле случајни одредбите во 1996 година и не било случајно зошто тој закон се донел. Таа е една од основните причини. Значи, според мене овие членови се апсолутно промашени и треба да отпаднат, односно треба да се стави некој друг механизам.

И веднаш да расчистиме една работа, овде слушам од повеќе колеги кога дискутираат, значи, јас ќе ја поддржам потребата, ама нема да гласам за текстот. Јас веднаш ќе кажам, значи воопшто нема да ја поддржам потребата за донесување на закон, затоа што гледам дека е потполно нелогична. Многу е подобар постоечкиот Закон, отколку овој што се нуди, значи, нема што да даваме виза и не ја гледам потребата од ваков закон како што се нуди. Да е закон за промет, производство на тутунски производи, за тоа не е спорно, би дале поддршка, затоа што го нема и затоа што е усогласен. Но, ваков, значи и за потребата апсолутно не гледам причини.

Јас сакам да укажам колку е нелогична потребата, значи колку во секој член има доказ дека ова што го зборувам е така.

Членот 21, откупувачот на тутунот треба да ги исполни следните услови. Се зборува, да располага со соодветна опрема за откуп на индустриска обработка, да има простории за откуп, сместување, чување и тн. Со овој член се

упатува на нешто дека треба нешто да се регулира во оваа држава, значи кога се откупува да знаеме од каде се откупува, кој откупува какви услови треба да има и тн. Меѓутоа, и досега во постоечкиот Закон имаше одредби кои упатуваат како треба да се откупува, во какви простории и тн. Меѓуроа, вие сте сведоци, сега јас се извинувам што морам да се обраќам до заменик министерот, многу повеќе би сакал да е тука министерот, затоа што во последните години имате појава и покрај постоењето на Закон за тутун кој изрично и оној што сега е во сила, кажува во какви услови треба да се откупува, а ние во последните две години имаме откупување на тутун по разни гаражи, по разни продавници, магацини кои апсолутно не се усогласени ниту со овој, ниту со претходниот член. И тоа власта го толерираше, се со цел да докаже дека, еве што би значело либерализација, еве што би значело дека сега нема да има проблеми со тутунопроизводителите. Но, нииој не си го постави прашањето за оние кои што исполнуваат вакви услови кои што не можат да го откупат заради дивите откупувачи, за тоа никој не го постави прашањето. Еве, да го земеме примерот со Тутунскиот комбинат во Прилеп. Од друга страна овие две години се толерираше да може секој буквално да откупи, иако беше спротивно на закон, а да не се води сметка дека законот се донесе со цел на крајот на краиштата да се заштитат и одредени комбинати како што е Тутунскиот комбинат во Прилеп, иако таму ако видите дека во тој Комбинат не е грижата само за откуп, туку тој Комбинат води сметка и за самото сеење, за семе, расад до финалното производство, значи вклучува, дава свои сопствени средства, има учество во наводнување, во ред други работи. И нормално дека во таква ситуација тој се наоѓа во нееднаква состојба со оние диви откупувачи кои што ќе дојдат во разни гаражи да го откупуваат тутунот и да им покажеме колку сме сега ние либерални и како сега одеднаш тутунот не е проблем да се откупува. Значи, со една мерка еден комбинат кој што 140 години опстојувал го доведуваме во нерамноправна позиција и буквално му го наметнуваме катанецот утре, затоа што секоја година, еве и овие две години, па јас верувам и оваа се помали се количините на откуп на тутунот од страна на Тутунскиот комбинат во Прилеп и тоа е почеток на еден крај. Заради тоа што оваа власт не знае да го спроведе Законот, не знае да ги заштити и едните и другите, се толерира и тн. Има одредби во кои што се зборува дека при транспортот на тутунот потребно е да се носи соодветна документација, сето тоа е убаво напишано, но во пракса е лошо спроведено, затоа што и сега секој го транспортира каде сака, склучува договори со кого сака, никој ништо не прави. Не верувам дека и со ова нешто е се превземе, иако како одредби не се лоши, треба да има некој ред.

За делот кога станува збор за прометот и производството на тутунските производи, не би сакал воопшто ништо да кажам. Јасно е дека тие одредби се земени од меѓународните институции, јасно е дека за тоа сме должни да го спроведеме. И пак ќе кажам, значи, тоа би било логички, за тоа воопшто не би правел проблем доколку тоа беше посебен закон. Но во овој дел кога зборуваме за тутун, за закон за тутун, навистина ваков како што се нуди е контрадикторен и според мене неприфатливо е да се избрише улогата на државата повеќе да не финансира, да не помага, да не се грижи за тутунот и тн. Мислам дека тутунот со сето она што значи во Република Македонија за тутунопроизводителите не можете да го третирате како гранка изедначена со другите земјоделски производи, туку сепак треба да остане на она место кое што и досега го имала. И не можам да се сложам со тоа дека, ако вака остане старото решение, дека нас патот до Европската унија ни е одалечен, затоа што сигурно има и многу други држави кои си водат сметка за сопственото производство и си водат сметка за она што им е богатство, а не вака да го отуѓува и на наједноставен начин со едни вакви одредби ги препуштаме сами на себе. Од тие причини, значи повторно ќе бидам категоричен, ниту за потребата, ниту за текстот, ниту за сето она што сега ни се предлага со ваков закон како што е крстен нема да гласам, ќе гласам против. Сметам дека нема потреба од ваков закон, добар е и овој досега. А се надевам дека позицијата ќе собере сила како и досега па ќе ви го врати назад во смисла на тоа дека нема да му даде поддршка ниту за потребата, или пак ако даде поддршка за потребата, добро да се замисли дали овие одредби за кои што зборував треба да останат, затоа што на крајот на краиштата, ако така лесно помине ваквиот предлог, тогаш ништо не направила освен само што година дена одложила носење на еден закон кој и овој и тој се на штета на тутунопроизводителите.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Драган Ѓоргиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе. Сосема кратко, сакам да укажам на две, три работи за кои што сметам дека не се реални изнесени од страна на господинот Жарко Караџоски. Најпрво, повеќе пати се повикуваше на тоа дека предлагачот за да има алиби во овој закон ги има внесено севкупните односи во однос на производството, откупот, сместувањето, обработката на ферментираниот и производството и прометот на тутунските производи. Тоа воопшто не е точно, затоа што во расправата која што беше и во 2003 година и подоцна, вклучувајќи ги сите учесници во оваа област и вклучувајќи ги сите стручни претставници на здруженија, на институти и факултети, вклучувајќи го и единството во дискусијата на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и

дел од расправата која што се водеше на седницата, одеше во насока да имаме единствен закон за тутун и тутунски производи и тоа од страна на предлагачите е прифатено и овде треба да имаме задоволство, напротив, а не дека тоа им е алиби, со поддршка на господинот Караџоски само во делот на штетноста од пушењето на цигарите. Тие неколку членови треба да се извадат и тука е во право.

Понатаму во делот на неговата дискусија се искажаа мислења дека од 1998 до 2002 година имало нагорна линија, а дека сега во однос на откупот на тутунското производство имаме надолна линија. Меѓутоа, тоа воопшто не е точно, со исклучок на 2002 година кога имаше промена на власта, значи со исклучок на реколтата на тутунот од 2002 година, реколтата од 2003 и 2004 година постигна некоја просечна откупна цена од 120 до 130 денари по килограм тутун и општо е задоволството кај тутунопроизводителите. Секој пат има релативно незадоволство кај одредени производители, меѓутоа кај поголем дел од производителите имаме задоволство од цената која што се постигнуваше во овој дел. И затоа реплицирам на господинот Караџоски, по овие две работи.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Благоја Гешоски.

**Благоја Гешоски:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги. Денес повторно на дневен ред имаме Предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи и ова не е прв пат Собранието на Република Македонија да разговара на оваа тема. Речиси пред две години ја започнавме дискусијата околу тутунот со една информација за состојбите околу тутунот и откупот на тутунот во 2002 година. И уште тогаш кога таа дискусија се водеше некаде пролетта 2003 година се наметна потребата дека новото време преструктуирањето на македонското договорно стопанство кон она што значи пазарна економија налагаат измени и дополнувања во постојниот Закон за тутун. И од тогаш наваму преку неколку обиди би рекол неуспешни за да се измени постојниот Закон за тутун, ние се доведовме до една ситуација која што ја имавме денес пред нас да имаме еден текст за закон за тутун, или како што пишува во причините со кои што се предлага овој закон, да донесеме единствен закон кој што ќе создаде можности за поедноставна примена на законските решенија што се однесуваат на тутунот и тутунските производи.

За хронологијата говореа и дел од колегите. Ние претходниот Предлог на закон за измени и дополнувања на постојниот Закон за тутун со консензус во ова Собрание успеавме да го вратиме на Владата и очекувавме дека денес ќе добиеме еден текст кој што ќе биде прифатлив за сите нас овде претставниците, посебно оние кои што доаѓаме од регионите каде што се обработува тутунот и каде што како што кажаа многумина од претходните дискутанти, тутунот повеќе не претставува само традиција во Република Македонија, тутунот, или тутунопроизводството не е дополнителен извор на приходи на семејствата, туку едноставно тутунот е единствената егзистенција за огромен број на семејства, за голем број фамилии во Република Македонија. За значењето на тутунот како земјоделска гранка се говореше многу, меѓутоа она кое што мене ми остана, да речам и ми го предизвика вниманието е следното.

Во 2003 година сме говореле дека примарното производство е 25 до 30 илјади тутун, а сега беше кажано 20 до 25 илјади тони. Значи имаме пад на производството на тутун и треба да се запрашаме зошто е тој пад во производството на тутун и зошто нешто што некогаш важело за стратешка култура и добро од општ интерес сега се намалило произовдството. Сигурно причината е во ниската откупна цена, за она за кое што сме се залагале дека треба да произлезат причини за да се изменат законите.

Исто така 2003 година сме кажале дека во Република Македонија со тутунопроизводство се занимавале околу 200 илјади наши сограѓани, а сега велиме дека таа бројка е 160 илјади и тоа е причината што треба да не загрижи.

Единствено нешто кое што тогаш и сега се совпаѓа како бројка, меѓутоа верувам дека не е точна, е бројката на директно вработени во тутунските комбинати, за која што се вели дека е 8 илјади, меѓутоа оваа бројка господине заменик министер сигурен сум дека не е точна, бидејќи тутунските комбинати во изминатите две години со реформите што ги спроведоа сигурно бројката на вработени и тоа како се намали во нив.

Понатаму, во законот кој што се предлага пишува дека како една од причините за донесување на овој закон е потребата да се подобрат условите за производство и промет на тутун и тутунски производи. Го читав неколку пати предложениот текст на законот за тутун и верувајте не видов на кој начин ќе се подобри она кое што според мене треба да биде најважно, а тоа е да се подобрат условите за производство на тутун. Не гледам ниту еден член кој што ќе овозможи да се подобрат условите за производство. Да, се согласувам дека одредени членови од овој закон ќе овозможат можеби поорганизиран, подобар откуп, ги дефинира условите кој може да откупува тутун, начините на заштита на тутунските производи, цигарите, нешто кое што можеби досега сме го немале, како треба да содржат предупредување, меѓутоа апсолутно

никако не гледам на кој начин ќе биде подобрено производството.

Впрочем и предходниот закон кога се предлагаа измени и дополнувања, очигледно е дека ние тука имаме неразбирање и несогласување во она што значи примарно производство. И колегата Најдовски говореше, да, се согласувам дека државата ги финансира откупните претпријатија. Тука е спорот кој што го имаме. Никој од нас овде не бара државата да ги финансира откупните тутунски претпријатија. Тоа било погрешно и како пракса треба да се напушти. Секаде во Европа, ЕУ кон која што се стремиме и во земјите најголеми производители на тутун се помагаат директно тутунопроизводителите. На кој начин ќе кажам подоцна, во оној дел кој што планирам да го говорам во она што значи предлог и текст на овој закон.

Значи се согласивме дека е потребно донесување на еден единствен закон кој што ќе го регулира тутунот од семе до крај, до тутунски производи низ сите фази што треба да бидат содржани. За жал, основното тутуно-производителите и помошта што треба нив да им се понуди, бидејќи уште еднаш повторувам, за голем број семејства во Република Македонија е единствен извор на егзистенција, што за жал недостасува во овој закон. Јас можам да одам член по член и да кажам за ова што овде е предложено, не се согласувам со колегата Караџоски кој што вели дека вакво како вакво е невредно и не треба да го гласаме. На овој закон му недостасува една цела глава, глава која што ќе ја регулира помошта директно на тутунопроизводителите. Дали ќе речеме дека треба да формираме агенција за тутун, дали треба фонд за тутун, како ќе ги прибираме средствата во тој фонд за тутун, меѓутоа Владата и тоа како треба да размисли оваа глава да се вметне во овој закон.

За мене е неоправдано, несериозно, незнам кој збор да го уптребам за да на крајот во образложението биде напишано дека во овој дел, парафразиран, планиравме да вметнеме еден член кој што член ќе регулира на кој начин ќе бидат субвенционирани тутуно-пртоизводителите, меѓутоа поради дополнителни консултации или испитувања ние тоа ќе го предложиме во втората фаза на законот. Мислам дека е премногу несериозно. Помина една година одкако се подготвува овој закон, имало доволно време и доволен период стручните служби, експертите во министерствата да видат какви се моделите и како државите од ЕУ и од нашето соседство ја регулирале помошта на тутунопроизводителите.Се согласувам, и порано сум кажал дека ваков закон кој што само треба да ги регулира обликационите односи, договорот, закон кој што треба да ги регулира начинот на откупот на тутунот не дека не е потребен, но закон кој што не кажува ништо значи целта е промашена.

Сега ќе ги кажам забелешките што ги имам за ова што е предложено како закон пред нас. Навистина тие се минимални, или сметам дека треба да има некои подобрувања на текстот и претпоставувам дека тоа ќе го стори Владата во втората фаза на овој закон, доколку не се предомислите и како некомплетен закон кој што нема една од суштинските работи, она што го говорев до сега за субвенционирањето на тутунопроизводителите тогаш се надевам дека ова што е сега како текст во втора фаза со главата која што недостасува во овој закон ќе размислите уште еднаш и да го предложите на ова Собрание.

На пример за мене е нејасно почнувајќи од член 6 каде што пишува кој може да се занимава со производство на тутун и вели: "да биде правен субјект регистриран за откуп и доработка". Дали сите правни субјекти треба да бидат регистрирани за откуп и обработка или можат да бидат регистрирани за откуп или обработка. Тоа навистина за мене е нејасно и претпоставувам дека овој дел од законот ќе предизвика многу проблеми на дел од фирмите. Прашањето е дали може во Република Македонија да има фирма која што се занимава само со откуп, или таа мора да се занимава и со обработка. Кажа колегата и претходно, реколтата 2003 година која што се откупуваше оваа пролет за мене е нејасно по кој закон и по кои членови се откупуваше. Ние говориме дека новиот закон треба да го либерализира пазарот, меѓутоа полиберален откуп од овој кој што го имавме оваа година нема. Тогаш на камиони натоварена вага, натстрешница сред село, во гаража во подрум, или било каде без никакви услови се вршеше откупот на тутунот и никој тоа не го санкционираше. Не ми е јасно зошто тогаш Министерството не превзеде мерки против таквите диви откупувачи или се, се одеше да бидат задоволни тутунопроизводителите кои што барајќи денар повеќе за своето производство беа принудени кај таквите диви откупувачи да одат и да го предадат својот труд кој што го заработиле во годината која што поминала.

Велиме дека државата повеќе нема да ги финансира откупните претпријатија, меѓутоа државата и тоа како и понатаму сака да ја задржи контролата на произовдството на тутунот. Тоа е содржано во членовите 7, 8 и 9 со кои што е регулирано како секој производител на тутун треба да го пријави своето производство. Тоа е добро, нема ништо лошо, меѓутоа зошто и е на државата да го контролира производството ако таа не планира никакви мерки во иднина, или само колку да има на знаење кој колку произведува и колку тутун се произвел, За тоа колку тутун се произвел мо мже да има податок од откупните

претпријатија. Ќе побара колку откупиле оваа година и тогаш ќе знае колку е произведено тутун.

Каде е овде договорот кој може да биде по Законот за обликациони односи. Воопшто нема потреба во овој закон да има една цела глава со десетина членови кои што ќе го регулираат склучувањето на договорите, или во еден член вели "Производителот има право да го раскине договорот за производство на тутун ако откупувачот има отворено стечајна постапка". Нема друг излез, апсолутно кој му е излезот ако откупното претпријатие со кое што склучил договор отишло под стечај, кој е неговиот излез и што може да направи освен да го раскине договорот со него и да побара друг откупувач, меѓутоа мислам дека во тој дел би требало оној кој сака да ја има контролата, а тоа е државата да му помогне и да го упати тутунопроизводителот со која откупна фирма може да склучи договор и да го предаде својот тутун таму.

Она кое што ми беше дилема се провлекува низ повеќе членови во законот и го има речиси сескаде. Какви треба да бидат и со што треба да се занимаваат откупните претпријатија. Во еден од членовите пишува "Откуп на тутун може да врши претпријатие кое што располага со техника и технологија за сите фази на обработка на тутунот." Дали Министерството има податок колку претпријатија ги исполнуваат овие услови, колку се опремени со техника и технологија за да ги исполнуваат сите фази на производство, преработка и производство на цигари. Вака на овој начин ние наместо да го либерализираме пазарот ќе носите закон за две или три поголеми фирми кои што до сега се занимавале со оваа материја. Тоа нема да биде либерализација на пазарот, туку само нивна заштита.

Навистина беше многу кажано во однос на овој закон во изминатите два дена, колку што трае дискусијата и јас се обидувам да го кажам она што имав намера да го кажам, а беше неколку пати кажано да не го повторувам.

Единствено кај мене има уште неколку прашања. Делумно ги поставив.

По кој закон се откупуваше тутунот од реколтата 2004 година кога диви откупувачи беа насекаде низ Република Македонија и го откупуваа тутунот.

Дали Министерството има направено анализа зошто имаме такво производство на тутун и производството на тутун.

Трето, она кое што е испуштено, а се однесува на субвенционирањето, сметам дека е неопходно да биде составен дел на овој закон. Можеби најдобро е Министерството да биде сериозно, затоа што реков дека не е сериозно бидејќи ни доставува закон во кој нема суштинска работа поради која што во изминативе две години се водела најголема полемика, се однесува на субвенционирањето на тутунот, да го повлечете овој закон и да ни доставите таков кој што ќе ги содржи сите мерки, односно се она кое што ние сме го имале како забелешка и било предмет на нашите дискусии во изминатиот период.

Резови, вакви какви што ние предвидуваме, радикални во една трудоинтензивна активност со која што се занимаваат 200 иљади наши сограѓани, која што е многу ниско приходна, апсолутно може да предизвикаат уште поголема сиромаштија и уште поголеми социјални тензии во Република Македонија, а тоа сигурно не ни е потребно во овие моменти.

Во Европската унија дискусиите околу преструктуирањето, околу откажувањето од тутунопроизводството, бидејќи се согласувам од еднас страна да се борите против пушењето како нешто што е штетно, а од друга страна да го субвенционирате тутунопроизводството е малку нелогично. Таквите дилеми во Европската унија траат од 1998 година до сега и сеуште Европската унија не нашла модел, ефикасен начин со кој што ќе го дестимулира тутунопроизводството, а од друга страна за огромната маса на луѓе кои што се занимаваат со оваа земјоделска гранка да најде нешто соодветно со кое што ќе им овозможи егзистенција на луѓето. Европската унија се определила на два начина на субвенционирање. Претпоставувам експерите од Министерстовото ги знаат подобро од мене, ги виделе, меѓутоа, денес во Европската унија 2.900 евра е просечниот стимул на тутунопроизводителите за тон тутун. Инаку, границите се од 2,15 до 4,30 евра по килограм во зависност од сортата на тутунот која што се произведува. Значи, тоа се директните субвенции кои што се даваат на тутунопроизводителите.

Она што е индиректна субвенција и кое што би требало да ги задоволи борците против пушењето можам да кажам дека повеќе припаѓам на страната на борците против пушењето е следното: државата за да се преструктуираат на друго производство кое е помалку доходовно од тутунот ги стимулира граѓаните со неколкугодишно авансирање и гарантиран откуп на новата култура која што ќе ја засадат и на тој начин постепено, а не со радикални мерки треба да се менува свеста за она што треба да се одгледува. Вака тутунот за жал ќе го снајде судбината која што во Република Македонија го снашла и афионот и памукот, како што беше говорено од претходните дискутанти.

Ова се моите забелешки кои што се обидов навистина накратко да ги изнесам. Се согласувам дека е потребен единствен закон кој што ќе го регулира тутнопроизводството во Република Македонија, меѓутоа целосен и комплетен закон, а не да имаме предлог денес пред нас на кој што ќе му недостасува она што

впрочем и беше цел за донесување измени на законот. Верувајте, прочитајте ги регулативите на Европската униија, со ништо не се коси во Европската унија, доколку во Република Македонија имаме фонд за тутун, Агенција за тутун, или нека биде нешто кое што сме го имале и порано, но во секој случај нешто кое што ќе им помага на нашите земјоделци.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Гешовски.

Господине Џамбазовски повелете.

**Санде Џамбазовски:** Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Со оглед дека уводното излагање го направив да биде многу кратко, бидејќи се работи за закон кој се носи во прва фаза, а вие сигурно сте забележале дека барем Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство секогаш кога предлага закони ги предлага во две фази се со цел да може пратениците и другите инволвирани односно заинтересирани страни да можат да дадат свој допринос со цел да донесеме подобри закони кои што ќе служат за оние за кои што се наменети овие закони. Така е случајот и со овој закон, бидејќи се работи за многу важен закон, закон за регулирање на производството на една култура која сметаме дека е многу важна и затоа и овој закон го предлагаме во две фази, се со цел да можеме да ги слушнеме сите релевантнхи фактори кои можат да дадат свој допринос за подобрување на законот, односно да ги подобриме условите за производство на тутун, за да можат луѓето кои што занимаваат со оваа дејност, дали примарни проиводители или преработувачи да можат да обезбедат подобри финансиски резултати во своето работење.

Јас нема да се впуштам и да давам одговор на одредени работи кои што се искажаа, бидејќи ниту е побарано од мене, ниту имам намера тоа да го направам, затоа што секој има право да предлага свои решенија, свои размислувања и да дава свои коментари, но ќе прокоментирам неколку работи, затоа што многу ми е важно да разјасниме што е тоа што го сакаме со овој закон.

Едната работа е дали во овој закон треба да стои дека тутунот е добро од општ интерес. Што тоа значи? Тоа значи дека со потпишувањето на Варшавската конвенција оваа работа не е дозволена, меѓутоа, не само тоа.

Другата работа е што ова значи инволвирање на државата во откупот на тутунот.

Значи, Владата не води таква политика да се претвори во трговско друштво и да го откупува тутунот, или да гарантира за откупување на производите. Владата односно државата не само нашата, туку за сите држави и во опкружувањето и во Европската унија и пошироко прават две работи за земјоделските производи. И не само за земјоделските производи, туку и за другите.

Едната работа е тоа што помага во склучувањето на договори со сите други земји во однос на олеснување на царинските давачки за извоз или увоз на одредени производи, што значи дека создава амбиент во тој дел и помага на производителите во тој дел ако се работи за извесен артикал да можеме тој артикал да можеме да го извезуваме без царина, или ако го штитиме сопственото производство, да може да се увезува со царина.

Такви договори се прават на ниво на Влада, такви какви што се направени или лично сметам дека во тој однос за тутунот имаме направено добри договори и со Европската Унија и со другите земји од регионот таму каде што го извезуваме тутунот, бидејќи тутунот е извозно ориентиран и тој се извезува без царина во најголем дел од земјите. Тоа значи дека државата односно оваа Влада тој амбиент го има направено.

Втората работа која што државата може да се инволвира во помагањето на било кој производ, а во дадениот случај и за тутун со директна подршка преку одредена програма за поттикнување развој на земјоделството. Но, тоа мора да се разграничи. Едно е директната поддршка на самите производители, а друго е инволвирање во откупот на производството. Ние имаме добро искуство, за жал, негативно што значи државата да се инволвира во откупот на тутунот во дадениот случај. Вие знаете дека ние денес во стокови резерви имаме едногодишна реколта кои стојат и нивната судбина не се знае каква ќе биде, затоа што не можат да се продадат. И се од неколку години акумулирани, па токму од тие причини што државата се инволвира преку откупувањето на тутунот или преку давањето или преку давање на одредени гаранции итн., сето тоа значи инволвирање во откупот на тутунот. Затоа, вие го изгласавте законот за стокови резерви, каде што тоа усно го кажавте и ние овде во зависност и од законот за стокови резерви, меѓутоа и како политика на Влдата дека државата не треба да се инволвира во откупот на било кој производ, а во таа смисла и на тутунот, туку државата треба да бара овие две форми, преку царината и преку директната поддршка на примарните производители.

Кога се однесува за директната поддршка на тутунопроизводителите законот никаде не кажува дека нема да се поддржуваат тутунопроизводителите, туку јас и во самото уводно излагање кажав дека ние ќе водиме сметка во програмите за поттикнување на развојот на земјоделството да го вклучиме и тутунот, зависно од средствата кои ќе ги имаме на располагање.

Овде очекував да слушнам изворот на средствата од каде е, за да можеме да ги

насочиме во поддршка на тутунот и не само на тутунот, и на други производи итн. Имаше варијанти да се издвојат 10% од продажбата на цигарите, па да се наменат за тутунопроизводството односно да се наменат за поддршка на земјоделството итн. За мене тоа треба така и Владата треба да го респектира и таа сигурно ќе го разгледа тој проблем и ќе ги види сите можности дали е тоа можно, бидејќи тоа беше предложено и од самите пратеници, а тоа беше и наше размислување порано, меѓутоа, до крај не најдовме некој модус, па остана да видиме до втората фаза како тоа ќе го правиме и да го видиме мислењето на пратениците како тоа ќе го поддржат итн. Значи, во таа насока за мене тоа е прифатливо и тука треба да се разгледаат сите други можности.

Дали треба да имаме организирано производство на тутунот? Исто така, колку е важен и дали тутунот е стратешка култура или не е стратешка култура. Дали тутунот е важен или не е важен, тој е култура како и сите други. Меѓутоа, неговата важност се гледа со тоа што ние носиме закон за тутун. Со самото носење на закон за тутун значи дека е важна култура и државата води сметка за тутунот и затоа води таква политика и носи закон за тутун, бидејќи смета дека е тоа важен производ, како и за другите, закон за вино итн. Но, тоа се мал број на производи во кои е вклучен и тутунот.

Тутунот не смееме да го оставиме анархично да се произведува. Тој е производ кој мора не да се контролира, туку мора да се уредат односите меѓу производителите, преработувачите и трговците. Тоа е ланец, каде што ако некаде се прекине, тогаш прекинува односно тогаш ќе прекине комплетно производството на тутун и многу негативно ќе се одрази на производството на тутун.

Со овој закон, ако добро го анализирате, ќе видите дека најзиштитени се примарните производители, бидејќи овде се бара оној кој што сака да го откупи тутунот мора да склучи договор. Мора во договорот точно да ја каже и цената на тутунот кој ќе ја откупува. Мора во договорот да каже дека ќе го откупи и ќе го преземе до тој период итн., и што е уште поважно во законот кажува дека секое претпријатие кое сака да склучи договор да откупува тутун, мора да плати најмалку 20% од вредноста на тутунот аванс. Зошто е тој аванс? Ние разговаравме околу тоа дали е добро или не е добро, па треба или не треба итн. Тутунот е едногодишна култура од која еднаш се зема пари, значи има обртен коефициент 1, најмногу 1, а може да биде и помалку ако не се плати на време итн., и затоа сметавме за да можат оние кои се занимаваат со примарно производство, за да ги подобрат своите услови за производство, дали тоа ќе биде за сушење на тутун, дали тоа ќе биде за нижење на тутун итн., да си ја олеснат работата, добро е да можат да земат аванс во текот на годината да ги направат тие услови за да можат да произведат поквалитетен тутун, а се разбира од квалитетот на тутунот ќе зависи и неговата цена дали ќе биде подобра или полоша. Ние во 2004 година, вие знаете, државата не интервенираше никако во откупот и воопшто не се инволвираше во откупот на тутун. Тогаш целиот тутун се откупи и тоа со најдобра цена досега постигната 137 просечна цена по килограм тутун. Значи, не е среќата во тоа дали државата треба да се инволвира или не. Со инволвирањето на државата во откупот на тутун ги стимулира откупувачите да не го плаќаат тутунот., туку тие ќе чекаат, тие ќе го преземат, а државата да го плати. Тоа е многу лош начин на пристап на производство на оваа култура. Затоа, сметам дека не е добро да се залагаме за било какво инволвирање на државата во откупот на тутунот. Меѓутоа, државата со овој закон се инволвира во одредување на класата на тутунот, каде што велилме дека двајца членови мора да има од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Овде се инволвираат сите здруженија на тутунопроизводители или ако имаат некоја асоцијација која е повисоко од здружението на тутунопроизводителите. Значи, тие се инволвираат и во содржината на договорот кој што го потпишуваат со преработувачките капацитети. Тие се инволвираат и со одредувањето на цената односно класата на тутунот и сите други параметри кои ги содржат договорите односно кои што го содржат договарањето помеѓу двајцата, односно примарниот производител и преработувачкиот производител.

Јас ќе кажам само два примери за таквото нерегулирање, за жал, негативни. Видов дека се пријави господинот Шаќири и знае поради не склучување на договори и поради таквата ситуација Липковсло-кумановскиот регион тутунот и денес не е платен. Знаете зошто не е платен? Покрај другото поради состојбите кои што беа тогаш такви какви што ни беа во државата, тие луѓе не успеаја да потпишат договор со никој производител, бидејќи кумановскиот комбинат кој беше односно кој требаше тоа да го направи беше во лоша финансиска состојба и тие склучија некој договор преку здружението со некое претпријатие, кое што претпоставувам дека не ги исполнуваше овие услови кои што ние ги бараме во законот, да има вработени, да има простор, да знае да го обработува итн. И, ден денес, за жал, на тие луѓе веќе подолго време не им е платен тутунот или со нерегистрирањето односно со неследењето на состојбите на оние кои го откупуваат тутунот, во Охрид и денес не е платен тутунот. Во 2004 година без инволвирање на државата целиот тутун е платен и тоа во некои откупни претпријатија се плаќаше ден за ден, во некои недела за недела, во некои 15-ти до 15-ти,

меѓутоа, немавме платен тутун. Што значи дека во откупот на тутунот државата не е главниот фактор дали ќе се инволвира или не се инволвира, дури сметам дека ќе постигне обратен ефект ако се инволвира државата.

Имаше дискусии дали треба се да дава и дали може производителот или мора да купува семе од таму, како што е пишано во законот, или тој може да си купи од каде сака, бидејќи тој е пазарно ориентиран итн. Ние имаме многу лошо искуство од таквите пракси. Затоа, со тутунот сакаме мтоа добро да го регулираме. Се знае, семето мора да биде набавено од регистрирана куќа за таа работа. Во дадениот случај праксата која што ја имаме денес, тоа го прави институтот за тутун во Прилеп, меѓутоа, за тоа да не се злоупотребува тие го даваат на откупувачите, а откупувачите го даваат на производителите и тогаш откупувачите точно знаат каков тутун ќе откупат, бидејќи тие склучуваат договори и знаат каква сорта, каков тип на тутун имаат дадено и точно си го планираат производствотои како тие ќе го откупат. Зошто има договори и зошто мора да се пријавува во Министерството и преработувачите и производителите на тутун итн. Се со цел да може да се планира производството. Ако тоа не се направи ќе имаме една анархија кога нема да знаеме ниту преработувачките капацитети ќе знаат колку тутун да планираат, бидејќи договорањето, пласманот на тутун не се прави за еден ден. Тоа мора да се планира во целата година и тој мора да знае колку ќе откупи и каде ќе го продава, како ќе го продаде итн. Тоа е процес кој што најголем дел од вас, верувам, подобро од мене го знаат тоа. Затоа, се залагаме за едно вакво регулирање на производство на тутун. Без вакво регулирање на производство на тутун, ќе направиме најлоша услуга на примарните производители, оние кои што се занимаваат со тутун. Затоа, сметам дека треба да се поддржат сите тие мерки кои се предлагаат во однос на договарањето на сите аспекти на производство на тутун. Се разбира, ова не е најдобро, сигурно дека има и подобри решенија, имаше добри предлози, конкретни. Ние како Министерства и нашето и Министерството за економија ќе ги имаме предвид и сите ваши размислувања и сите ваши предлози и се она што може да се вгради во самиот закон, кој што ќе биде во подобрување на условите на оние кои се занимаваат со оваа гранка, тоа ќе го направиме и ќе го внесеме во втората варијанта. Меѓутоа, сакав да кажам едно и категорично дека никако не треба да се залагате, ние не како Влада не можеме да прифатиме инволвирање на државата во откукпот на тутунот. Државата може само да поттикнува, да поддржува развој, директно да го поддржува примарното производство, но никако во откуп.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Шаќири имате збор.

**Хисни Шаќири:** Благодарам господине претседател.

Имаме пред нас еден закон кој навистина е многу значаен закон, имајќи го предвид фактот, тежината и зошто да не кажам и интересот на сите граѓани на Република Македонија кои животно се поврзани со овој производ, посебно со тутунопроизводство. Добро е оваа проблематика да ја третираме како ни налагаат нашите околности, бидејќи ние не можеме да направиме една паралела или споредба на третманот на оваа земјоделска култура со развиените земји и кај нас, каде денес на тотален начин нема интерес за оваа култура и немаме една вистинска организација на оваа земјоделска култура, која е многу традиционална во Република Македонија.

Заменикот министер ги искажа неколку прашања, кои навистина постојат и стојат за да ги имамем предвид и засновајќи се на оваа проблематика и ова прашање во нашата реалност, мислам дека треба да донесеме нешто ново и да имаме доста научено, колку току да имаме едно движење напред во насока на ова прашање за да го регулираме на правичен и соодветен начин и да не владее анархијата која владееше досега. Јас сум длабоко убеден дека досега недостасуваше законскиот дел, кој за основа има еден поинаков третман на тутунскиот производ. Но, немаше координација на работењето и имам впечаток дека е изгубен и интересот можеби во целина, па ќе рече дека Владата нема да гарантира за ниту еден земјоделски производ. Но, јас мислам дека навистина ова треба да го признаеме државата не гарантира, како што се случуваше досега. Но, Владата неопходно треба да има една развојна политика и треба да преземе мерки и за многу земјоделски производи, а зошто да не кажам и за тутунот. Да ви ја кажам вистината дека во Куманово, кое е едно место со една извонредно древна и стара традиција во однос на производството на тутун, а за ова говорат и индустриските капацитети за обработка на тутун во градот Куманово. Ние сме имале два клучни центри во Прилеп и во Куманово, не негирајќи ги другите тутунски центри во Источна Македонија, туку велам Прилеп и Куманово биле два клучни центри, кои се бават со производството на тутун. Значи, целата оваа тардиција и сета таа професионална стручна способност која постои од досегашното искуство од тутунопроизводството, од колено на колено, која ја наследувале, за да се произведе тутун, јас ви кажувам еве пет-шест години во кумановско, дали можам да кажам со исклучок на годината ко ја ја истакна заменикот министер во 2003 година каде што имавме 203 тони откупен тутун, да не кажам за 200-те, туку имало села кои произведувале по 400 тони

тутун од кумановскиот дел. Зошто Владата да нема интерес, оваа анархија не ја создаде законот, не го спори законот ова, ова ја спори развојната политика, незаинтересираноста и не се говори само за оваа култура, туку и за други култури. Ве молам, земјоделството сега засега нема вистински третман, а зошто да не кажам и е запоставена. Јас не говорам за моментов, на дневна тема ни е тутунот, туку и за другите земјоделски производи, за кои на пример, Македонија е позната не само во овој дел на овој регион, туку и пошироко.

Би ви рекол, би ви сугерирал, имајќи ги предвид можностите, не нешто надвор од тоа што е можно, да имаме еден поправилен пристап околу овие проблеми, бидејќи инаку не само го обременивме населението, туку ќе ни биде многу тешко во иднина да изнајдеме причини и овие проблеми да ги третираме, бидејќи во еден од деновите ќе има потреба овие проблеми да се третираат на правичен начин.

Еден од пратениците рече дека тутунот се бара, а тој за здравјето е штетен и има една политика во рамките на Европската Унија што повеќе овој производ да се спречи. Јас мислам дека Европската Унија не треба да бара модел или форма за да го дестимулира овој производ, нека го земе моделот на Македонија за дестимулација на оваа култура, јас мислам дека ќе биде најдобриот модел и најмоќниот модел што има постигнато големи резултати.

Овие прашања не можат да се толерираат на овој начин. Законот како закон без оглед дека го регулира ова прашање преку договорите што има една традиција поодамнешна и договорите помеѓу откупувачите и производителите на тутун функционирале и биле облигациони договори, сега не дека има заинтересираност и не постојат претпријатија кои се заинтересирани и се занимаваат со ова прашање и се заинтересирани да ја откупат оваа земјоделска култура, туку и договорите ја немаат вредноста која треба да ја имаат. Сега се говори за субвенции и други прашања, за аванси и други работи кои биле регулирани и претходно. Ние најнапред треба за основа да го имаме како ќе го гарантираме најмалку откупот на тутунот. Неопходно треба да имаме еден пристап, да изнајдеме претпријатија кои имаат интерес за да го откупат овој земјоделски производ. До сега јас говорев за кумановско, па сега не знам дали функционира тутунскиот комбинат, но политиката која се водеше во тој комбинат до сега била неповолна за производителите на тутун. Не е оправдано, на пример, во овие моменти за тутунот, кој не е платен во 2003 година, бидејќи тоа е тутунот кој го спомна и заменикот министер, кој тогаш беше државен секретар.

Ова прашање успеаваме преку едно претпријатие, не знам кое е тоа претпријатие "Дерма табак" ова прашање го затворивме. Тутунот е ферментиран во Тутунскио ткомбинат Куманово. Сега го имам превид фактот дека Владата не може да ја земе таа одговорност како што ние посакуваме. Но, најмалку треба да има ангажман и да го заклучи ова прашање.

Ќе викажам, од таа година, не 200 тони тутун, туку ниту еден тон не е откупен од тој регион. Доколку имаме и направиме историски увид во капацитетот, во функционирањето на Тутунскиот комбинат во Куманово и ја имаме сегашната фактичка состојба, ќе ви кажам, да не речам дека е катастрофална, туку е една бедна состојба, жалнa состојба.

Се согласувам, ќе заклучам со оваа дискусија, кога велам развојната политика, јас сум за тоа до колку има еден пристап, производството на тутун да се отстрани, но која била нашата досегашна програма за да го подготвиме тоа население, што рече дека неколку семејства се занимаваат со тутунопроизводство, до колку одиме на тоа да го намалиме капацитетот на тутунопроизводството, ние треба да имаме најмалку една програмска определба каде и да го ориентираме тоа население. Ако на рапиден начин се намали тутунопроизводството во местото каде има историска традиција, со што тоа население ќе се занимава во иднина? Која беше државната политика околу овие прашања и овие појави до сега не сме имале една и зато аимаме проблеми во оваа насока. Затоа е состојбата ваква.

Уште еднаш ќе нгласам, ние не треба да инсистираме да се фатиме со развиените држави и да претендираме да имаме развој во другите делови од стопанството, кога клучна основа кај нас е земјоделството. Сите земји што имаат преживеано тешки кризи во одредени моменти на нивниот развој, својот развој го отпочнале со земјоделието. Ние немаме една правична политика околу овие прашања и до колку не успееме да ги изнајдеме нашите грешки и не успееме да се ориентираме истражувајки ги досегашните грешки, мислам дека ќе имаме корекции. Со таа корекција да имаме еден исчекор напред, бидејки немаме друг пат.

Би ве замолил, Владата и ние како пратеници, законот како закон, можеме да имаме забелешки, тој е во прва фаза, нашите производи немаат пад поради законите. Оваа состојба не е резултат на тоа дека ни недостасуваат закони или овие прашања дека не се регулирани со закон. Многу прашања биле регулирани со земјоделските производи и имале еден третман каков што имале, па оваа состојба не била ваква. Овој закон може да биде и најдобриот, може да има третман од правен аспект од страна на стручњаците, да биде оценет како закон од повисоко ниво. Но, покрај тоа, ние мора да се занимаваме со моменталната состојба, со состојбата на теренот. Да видиме каде е недостатокот, зошто ни се случуваат овие појави и каде не води сето ова.

Јас ќе гласам за законот, но и покрај се, сосема на крајот би сакал паралелно со овој закон, бидејки овие закони не одат без закон, самиот заменик министер рече дека сите земјоделски производи имаат еден ист третман, не можеме да го одвоиме само туутнот, но самиот факт дека тутунот бара посебен закон подразбира дека е една значајна земјоделска култура за Македонија. Имајки го предвид овој производ, каков третман има во други размери, европски или светски, ова прашање секогаш било регулирано со закон и останува понатаму да се контролира со закон. Без оглед на обврските, треба д апроизлезат од претпријатијата, а претпријатијата треба да имаат дозвола и стекнуваат дозвола, што е регулирано од Владата, од соодветниот орган. Но, тоа што било до сега како анархија што владеела и по сто и продолжува, ако не се преземат мерки, тогаш и овој закон ќе биде безвреден и нецелисходен за оваа проблематика.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шаќири.

Има збор пратеникот Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Овој Предлог за донесување на закон дефинитивно претставува потрврда за ставот на Владата и односот не само кон тутунопроизводителите туку и земјоделците воопшто.

Владата вели дека таа е должна да води некаква политика во областа на земјоделието, вклучувајки го тука и тутунопроизводството, од една страна, а од друга страна вели - не сакам да имам никакви обврски.

Значи, целта е да се воведе администрирање на евидентирањето на состојбите во овие области, почнувајки од семенскиот материјал, преку купување на семенски материјал, склучување договори за откуп, утврдување на катастарски парцели, утврдување или евидентирање на количини на тутун што треба да бидат откупени, па до сите оние обврски што треба да бидат утврдени за откупувачот и сето тоа е наведено дека треба да биде контролирано од страна на инспекторот за земјоделие.

На тој начин, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство смета дека ќе ги стави во некаков ред состојбите во областа на тутунопроизводството. Меѓутоа, јас сметам дека Министерството не зело предвид еден друг аспект кај тутунопроизводството, а тоа е социјалниот аспект. Факт е дека со тутунопроизводство се занимава еден од најсиромашните слоеви во македонското општество.

Ако се тргне од тој факт, тогаш сметаме дека Министерството, не само што дало обврска на откупните претпријатија во договорот што треба да го склучуваат со тутунопроизводителите, да мора да предвидат најмалку 20% -тен аванс и тоа аванс што треба да биде на различен начин утврден во одредбите од договорот што треба да биде склучен, што значи дека тој аванс нема да се однесува само на парични средства, туку се однесува за сето она што ќе може да му го понуди откупувачот на тутун. Тука доаѓаат впредвид најразлични производи. Вие немате направено утврдување на тоа што би можел да претставува тој аванс. Дали тоа е нафта, дали е семенски материјал, дали е средства за производство на тутун, опрема или тоа може да биде некоја стока што по пат на компензација или на друг начин стои во магациниете на тоа откупно претпријатие.

Верувајте, на овој начин единствено што ќе направите е да направите штета пак за тутунопроизводителите кои и онака се наоѓаат во тешка состојба, затоа што откупните претпријатија најмалку или воопшто нема тие аванси да ги даваат во пари. Најголем дел или комбинирано ќе оди заедно сонекакви семенски материјали или други работи што ќе значат запазување на интересот за квалитетот на тутунот при откуопот, со цел да го продадат со повисока цена и самиот тутн да има поголем квалитет. Тоа е една работа што сметам дека е недоволно согледана во овој закон. Меѓутоа, добор е што се работи за Предлог за донесување на закон, па ќе има можност Владата да се поправи во овој поглед.

Од друга страна , во образложениeто за донесување на овој закон стои дека овој закон е поттикнат да се предложи до Собраниеот на Република Македонија со цел да се обезбеди слобода на производството,откупот и продажбата и обработката на тутунот.

Ако зборуваме за слобода, тогаш и концептот на откупување и продавање и начинот на кој што се обидел законодавецот или пишувачот на овој закон да го третира тоа, тоа е дефинирање на договорен однос помеѓу производителите и откупувачите, со целосна слобода за меѓусебно договарање.

Ако е така и ако е таков концептот, тогаш јас не би можел да разберам од каде произлегува оваа обврска за 20%-тен аванс од страна на откупувачите на тутунот, што треба да го дадат на тутунопроизводителите, а од друга страна државата вели дека не сака да се меша. Значи, вие наметнувате обврска на откупувачите на тутун, а самите како Влада не велите дека сметате дека треба да се води реална политика кон земјоделците, посебнокон тутунопроизводителите, бидејки зборуваме за законот за тутун. Ние ќе обезбедиме аванс, согласно количините што ќе бидат приајвени за производство во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство

иводостопанство и 20%-от аванс ќе го обезбедиме од Буџетот на Република Македонија, ќе обезбедиме некоја наплата од страна на откупните претпријатија.

Што ќе се случи ако во договорот се наведе аванс, а тој не се исплати воопшто? Дали на тој начин државата ќе се вклучи во зачувувањето на законитоста во однесувањето на откупните претпријатија? Или пак ќе кажете - ние за тоа немаме никаква одговорност, за тоа пропизводителот на тутун ќе го бара во подрачната единица инспекторот за земјоделие, инспекторот за земјоделие ќе изврши увид кај откупното претпријатие и, врз основа на тој увид ќе донесе решение со што ќе изрече казнена мерка предвидена во овој закон. Јас мислам дека ова би бил вашиот одговор на таа обврска на непочитувањето на обврската од страна на откупувачите.

Меѓутоа, во пракса тоа значи нешто друго. Во пракса, тоа значи дека едно село, одалечено 30-40-50 километри од седиштето на земјоделскито инспектор, каде што постои производителна тутун и каде што има производство на тутун да треба да појде, да го најде инспекторот по земјоделие, да му каже каде сето тоа се случува, па инспекторот да изврши увид, па да достави решение до производителот и т.н. и т.н. Сето ова би се одолговлекло и фактички целата оваа процедура што треба да ја спроведе производителот на тутун ќе значи дирекна штета во контекс на неговото време за реализација на обврските што ги има со производството на тутун.

Тоа би било она што на почетокто сакам да го кажам околу евидентирањето и администрирањето што се предвидува со вооj закон. Тоа е навистина претерано. Ќе го аргументирам подоцна, затоа што има одредби што се однесвуаат и даваат дополнителна аргументација на ова што го говорам.

Понатаму, велите дека постои потреба од напуштање на третманот на тутунот како добро од општ интерес. Можеби да, можеби не. Меѓутоа, тоа не го образложувате од каде произлегува таа потреба, дали произлегува од тоа што се доволно заштитени индивидуалните производители на тутун од страна на откупните претпријатија на тутун и со овие одредби што се однесвуаат на договорите што треба да ги склучат со откупните претпријатија или се заштитени доволно од државата односно доволно од страна на инспекторот за земјоделие, на кого се наметнува целиот товар на спроведувањето на овој закон.

Значи, тутунот како добро од општ интерес на Република Македонија не е утврден заради тоа што на тој начин некому се дава социјална помош, туку затоа што на тој начин државата обезбедила можност да води политика во областа на тутунопроизводството од кое што ќе утврди кои се виситнските трошоци за производство на килограм тутун, која е цената што треба да ја платат откупните претпријатија, без притоа да навлегуваат интересите на тутунопроизводителите. Вие, со таа цел што би можела да биде дефинирана, фактички не вршите наметнување на цената на пазарот или не влијаете на пазарот. Напротив, вие единствено можете да ја утврдите цената на чинење на килограм тутун и таа цена да биде гаранција за непостоење на загуба, барем за оние средства што се вложени во производство на тој килограм тутун. Затоа што се знае колку е ценет трудот на земјоделецот во Република Македонија и најмалку очекува тој да биде соодветно надоместен.

Единствена аргументација со што настапува Владата и со што го укинува третирањето на тутунот како добро од општ интерес е меѓународната обврска, како што велите, што ја имате согласно Варшавската Конвенција чиј потписнике и Република Македонија. Баш ме интересира кога е донесена оваа Варшавска Конвенција и кога е таа прифатена од Република Македонија. Да видиме дали е тоа единствениот аргумент што може да биде, затоа што временскиот период од потпишувањето односно од примената на Варшавската Конвенција во Република Македонија до денеска, сметам дека е доволно долг што покажал дек аи покрај третирањето на тутунот како добра од општ интерес, фактички државата, како што и самите рековте во минатата година во 2004 година, дека со ништо не помогнала во процесот на производство и откуп на тутунот. Меѓутоа, тојс е одвивал на добар начин. Барем така разбрав кога го образложувавте законот.

Ако е тоа така, јас не гледам причина зошто сега, со бришењето на можноста, зборувам за можност на државата што е законски предвидена, со тоа што тутунот би се третирал како добро од општ интерес, во одредени ситуации, за одредени категории на индивитуални производители, пред се, да може државата да презема мерки врз основа на таквото третирање на тутунот, што ќе значат дирекна или индирекна подршка на тутунопроизводството во Република Македонија, не само заради состојбите во земјоделитето, туку и заради состојбите на социјален план. Затоа што, како што реков на почетокот тутунопроизводителите не го работат тутунот за да заработат незнамкаков профит од тутунопроизводството, туку верувајте, тоа го прават за да обезбедат гола егзистенција.

Навистина се работинајголемд ел за социјално загрозени семејства. И, тоа е семејна работа. Впрочем, знаете како се обработува тутунот и знаете што се значи околу ангажирањето на целото семејство, околу ангажирањето на домашни услови каде што се обработува, пребира, превозни средства, одржување на тие превозни средства и сето она што претставува,

кусо речено, огромна мака на тутунопроизводителите.

Од друга страна, во однос на другата определба што ја кажува Владата како причина за донесување на овој закон, тоа е напуштање на откупот на тутунот од страна на државата. Со тоа и наменското трошење на буџетските средства. Тука се мисли на финансирање на тутунот, а не се однесува на останатиот дел на трошењето на средствата од Буџетот во Република Македонија. Фактички нема да биде наменето за подршка или за финансирање на откупот на тутунот на директен или индиректен начин.

Ако е тоа така, а така е, затоа што тоа е една од основните причини од кои што тргнува Владата, фактички тоа е уште еден аргумент дека Владата, однсоно преку подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, единствено што прави тоа е што врши некаков надзор над состојбите во областа на тутунопроизводството но без при тоа да имаа било каква намера за водење на аграрна политика, политика во областа на тутунопроизводството што ќе значи активен однос на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во областа на процесот на производството, откупот и преработката на тутунот.

Тоа прашање е многу интересно, кога ќе се земе предвид и состојбата на откупните комбинати. Имавме можност во изминативе неколку денови да слушнеме дека тутунски комбинати, специјално беше истакнат Тутунскиот комбинат од Прилеп, дека е можно да влезе во загубари. Ако државата од една стран акажува дека индивидуалнит епроизводители, за нив нема никакв аподршка, нема пари во Буџетот, нема можност да гарантира најниска цена на чинењето на килограм тутун, тогаш која е логиката на откупните претпријатија, вие како Влада, да имате наменски средства. Значи, нема подеднаков третман.

Да не се разбереме погрешно јас не зборувам против тоа Владата да помогне за Тутунскиот комбинат во Прилеп, напротив јас ја повикувам Владата да помогне во решавањето на состојбите и во продолжувањето со работа на Тутунскиот комбинат во Прилеп, меѓутоа, истовремено тоа да го направи и за индивидуалните земјоделски производители. Ако Министерството за економија успеало од страна на Владата да обезбеди поддршка за откупните претпријатија, како што велите, тогаш, верувајте и Министерството за земјоделие треба да се обиде да обезбеди поддршка за индивидуалните тутунопроизводители.

Понатаму, друга причина која ја наведува Владата е потребата да се подобрат условите за производство и промет на тутун и тутунски производи. Значи, да се подобрат условите за производство. Јас не знам, ако сметате дека условите за производство се подобруваат со административни мерки, сметам дека тоа е многу погрешен пристап од страна на Министерството затоа што подобрувањето на условите за производство, значи начини на поддршка на тутунопроизводителите, во смисла на обезбедување поволни кредити, во смисла на обезбедување на поволни начини за обезбедување на земјиште кое би го обработувале, во смисла на некоја индиректна поддршка, бидејќи како што велите и самите државата нема финансиски средства за поддршка на индивидуалните земјоделски производители, за индиректна поддршка на начин што нема директно финансиски да ја оптовари Владата на Република Македонија, меѓутоа ќе значи вистинска поддршка за индивидуалното земјоделие односно тутунопроизводството, во случајов и на тој начин да се помогнат и овие семејства кои се занимаваат со вакква дејност. Тоа, затоа што кога зборуваме за подобрување на условите за производство, јас навистина не знам на што мислите, бидејќи со овој закон условите за производство се обврските кои ги давате на индивидуалните производители на тутун и обврските кои ги давате на откупните претпријатија. Ако тие обврски ги сметате за подобрување на условите за производство на тутун, тогаш јас не можам да се согласам со таквата констатација.

За тоа дека условите за пазарно стопанисување на овој начин се подобруваат, тоа е така, затоа што навистина се остава еден широк простор за пазарно стопанисување во оваа област, затоа што секогаш заштитата и кај оној кој откупува, од една страна, а тој кој е помалку заштитен е оној кој произведува, индивидуалниот тутунопроизводител кој нема од кого да бара помош и заштита, освен од државата која треба да ги гарантира обврските кои се наметнати на откупните претпријатија. Тоа, пак да повторам, го прави само преку казнени мерки или решенија кои треба да ги изрекуква земјоделскиот инспектор.

Акоземеме да правиме друга анализа, колку земјоделски инспектори имаме на колкав регион, тогаш ќе видиме дополнително колку може државата да влијае во заштита на правата кои се де финирани во овој закон за индивидуалните тутунопроизводители. Значи пак носиме закон каде допрва треба да се изнајдат начини и да се обезбедат можности, кадровски и други потенцијали кои се неопходни за да се обезбеди заштита на правата дефинирани во овој закон, за тутунопроизводителите.

Понатаму кога зборуваме за пазарот на тутун, или во смисла на создавање обврски за производителите и откупувачите, јас сакам да се навратам на 2-3 члена со кои би го поткрепил тоа што го зборував до сега, а тоа е

администрирањето во таа област. Само колку за информација, за тутунопроизводителите, па и за откупувачите на тутун, што се треба да направи за да можат да го насадат тутунот и после тоа да го предадат на откупното претпријатие. Значи, тие решенија како обврски се наведени во членовите од овој закон, а сето тоа треба да го прави, како што кажав, Државниот инспектор за земјоделство.

Првата обворска која треба да ја утврди, дали е исполнета, или не е исполнета, треба да ја утврди Државниот инспектор за земјоделие, е тоа дали производителот на тутун врши производство без да склучи договор за производство и откуп на тутун. Тоа е, ако ги земеме останатите членови од законот каде се вели дека до 31 мај производителот е обврзан да склучи договор за откуп на неговиот тутун. Тоа значи дека во март месец кога треба да насади расад, евентуално ако во текот на мај месец почне со расадување на тутунот, дали тоа значи дека несклучувањето на договорот за откуп на тутунот ќе биде санкционирано од страна на инспекторот за земјоделие, затоа што ако се остава простор до 31 мај да се склучи тој договор за откуп на тутунот, тогаш не гледам причина зошто и на инспекторот за земјоделие не му се даде обврска, утврдувањето на постоење на таков договор да го врши после 31 мај во тековната година, затоа што знаејќи како функционира администрацијата во Република Македонија, тоа може да биде многу добар начин за казнување на индивидуалните тутунопроизводители за кои ќе зборувам подоцна, затоа што казната што треба да ја платат за прекршување на некои одредби од овој закон, е иста колку што е производството на тутун од околу 5 до 10 декари. Значи, можете да замислите што значи доколку некој тутунопроизводител од некое оддалечено село, од објективни причини не стигнал да го почитува рокот и да склучи договор за откуп на тутунот, ако тоа го утврди Државниот инспектор, што тоа ќе значи за него.

Понатаму, друга обврска на тутунопроизводителот е, пред да склучи договор за откуп на тутунот треба да отиде во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, според местото на производството и таму да го пријави производството на тутун од производната година. Од каде знае за колкаво количество на тутун ќе може да склучи договор. Вие претпоставувате дека целокупното производство кое има намера да го произведува индивидуалниот производител, ќе биде прифатено од страна на откупното претпријатие и ќе биде внесено како количина во договорот за откуп на тутунот, а зборуваме за слобода на пазарот на тутун.

Понатаму што друго треба да направи тутунопроизводителот. Тој треба да има заверен картон за катастарските парцели и тој картон треба исто така да биде заверен во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во подрачјето каде ќе го врши производството на тутун. Тоа е за да може инспекторот да шета по катастарските парцели и да утврдува дали е почитувано производството на тутун, согласно упатствата на Министерството, во поглед на семенскиот материјал, видот на тутунот итн, од страна на тутунопроизводителот кој претходно добил картон и кој претходно требало да склучи договор за откуп на тутунот и претходно требало да ја пријави количината на тутун што планира да ја произведува, во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

И четвртиот основ по кој ќе биде казнет, согласно овој закон, индивидуалниот тутунопроизводител е доколку не употребува семенски материјал од откупувачите на тутун, кој е обезбеден од регистриран производител на тутунско семе, согласно со закон. Значи се работи за зачувување на квалитетот на тутунот и тука нема ништо спорно. Меѓутоа, сепак, ако се работи за зачувување на квалитетот на тутунот, пазарот на тутун има одредени потреби за одделни видови на тутун и откупувачите, во услови на слобода на претприемаштвото, во областа на производството и откупот на тутун, се тие кои треба да определат каков вид на тутун им е неопходен за да можат да го продадат на светскиот пазар на тутун. Ако државата е таа која му кажува дека тие мора да купуваат семенски материјал од регистрирана организација или институција во Република Македонија, а единствена таква е Институтот за тутун во Прилеп, тогаш се знае, во Институтот за тутун во Прилеп какви видови на сорти се произведуваат и фактички дефинирана е и сортата на тутун кој ќе треба или ќе мора откупните претпријатија да го откупуваат од тутунопроизводителите.

Сега детално да не ви ги раскажувам сите овие надлежности затоа што скоро половина закон е, какви се казни или решенија наредува Државниот инспектор за земјоделие и во контекст на производителот на тутун и кон откупувачот на тутун, сакам заради јавноста да го прочитам првиот став од членот 61 од овој закон. Во него Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како надлежно министерство во Владата на Република Македонија, предлага со парична казна од 100 до 300 илјади денари да се казни за прекршок правното лице, ако се занимава со производство на тутун, не употребува семенски материјал, или не е запишан во регистарот на откупувачи на тутун, или од 80 до 240 илјади денари, ако направи други десетина или петнаесет прекршоци кои се дефинирани во овој член, а од 20 до 50 илјади денари, министерот за земјоделство ќе го казни за

прекршок физичкото лице, значи поединецот ако не го пријавил производството на тутун до подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна до 30 април за тековната производна година. Значи, ако земеме број на производители во Република Македонија, каде тие живеат достапноста до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, трошоците кои треба да ги платат за реализација на овие обврски и дополнителната казна што ќе ја платат, затоа што непознавањето на законот не го ослободува од вина тој што прави прекршок, тоа значи дека во Република Македонија државните инспектори за земјоделство ќе се претворат во полицајци кои ќе треба да одат и по нивите, да видат од каков семенски материјал е посаден тутунот, кои ќе треба да одат во Министерството и да добиваат списоци за да видат кои се го пријавиле производството на тутунот, да утврдуваат катастарските парцели да видат дали се тие кои се пријавени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да изрекуваат решенија и можат да забранат и производство на тутун, како една од мерките. Сето тоа потоа треба да оди во второстепена постапка до Комисија на Влада. Жалбата до Комисијата, не го одлага извршувањето на решението. Сите овие работи кои ги наведов не значат ништо друго, туку создавање на една претерана администрација и кочење на слободата на пазарот во областа на производството и прометот на тутун и тутунски производи, наспроти желбата и намерата тој пазар да биде што послободен и државата што помалку да се плетка во работи кои не претставуваат нејзина надлежност. Ако веќе сака државата да влијае во областа на производството на тутун, тоа може да го направи директно со реална конкретна поддршка на тутунопроизводителите и со реална конкретна поддршка на откупувачите на тутун која нема да значи покривање на нивните загуби, туку напротив создавање вистински услови за производство, вистински услови за откуп на тутунот, кои ќе значат подобрување на вкупните состојби во оваа област во Република Македонија.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија д-р Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине замениче, имате три минути реплика.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам.

Мислам дека господинот пратеник, или добро не ме разбра, или јас не бев доволно јасен, или намерно тоа така го направи.

Јас во ниеден случај не реков дека државата не е заинтересирана за производство на тутун, посебно за производителите на тутун, се разбира со преработувачите на тутун, бидејќи со овој закон зарем е мала инволвираноста на државата со тоа што ќе учествува во определувањето на типот на тутунот, дали тоа ќе биде прва класа, втора класа, трета класа итн, бидејќи самиот производител не е оставен сам на себе, затоа што од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе учествуваат претставници и од самите здруженија кои ќе ги претставуваат самите здруженија. Зарем е мал придонесот со тоа што во увид на договорот кој е склучен меѓу индивидуалниот производител и преработувачите, ќе биде на увид на највисоката асоцијација на здружение на земјоделски производители што ќе дава свој придонес, тој договор да биде како што треба да биде, се разбира најповолен за производителите и сите други одредби кои се дадени овде во законот. Значи прв приоритет ни е примарниот производител.

Јас реков само едно дека државта не треба да се инволвира и не е добро да се инволвира, да стане трговско друштво, да откупува тутун. Сите други мерки кои се однесуваат на поддршката за квалитетот на производство, во поддршката на тутунопроизводството со одредени, дали ќе ги викаме субвенции, регреси итн, не е битно. Државата во овој закон не кажува дека нема тоа да го прави, туку тоа државата ќе го прави во зависност од средствата кои ќе ги има на располагање. Значи само реков дека не е добро државата да се инволвира во откупот на тутунот. Меѓутоа, државата создава 100% сигурност дека тутунот ќе се откупи по цената која е договорена, бидејќи сите откупни претпријатија мора да се регистрираат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и сите оние откупни односно преработувачки претпријатија кои нема да ги исполнуваат условите, дали од аспект на техника и технологија, опрема, кадар итн, се разбира и од аспект на обезбедени финансиски средства односно солветност на самата фирма. Тоа е гаранцијата дека тутунот ќе биде сигурно откупен, тоа е гаранцијата дека ќе биде откупен по онаа цена која ќе биде во договорот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојановски имате една минута контра реплика.

**Блаже Стојаноски:** Јас само ве цитирав. Во 2004 година не се инволвира воопшто во откупот, а тој се изврши без проблем. Тоа вие го кажавте пред малку.

Увидот од страна на асоцијациите на тутунопроизводителите, во договорите, не значи ништо без реална можност да влијаат на исполнувањето на договорните обврски.

За 20% аванс кој треба да се утврдува во договорите за откуп, исто така не објаснивте ништо на она што го упатив како прашање и уште еднаш потврдивте дека треба да остане тутунот да биде општо добро, со тоа што Владата врз основа на тој член, кога има

средства, кога има реална политика што ќе ја води во областа на тутунопроизводството, да може да влијае во подобрување на условите во оваа област.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Глигоријевски имате збор.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине претседателе.

Од расправата по Предлогот за донесување на овој закон, останаа две дилеми кои ќе треба да ги разреши Министерството и Владата.

Првата дилема е дали со тоа што тутунот веќе не е стратегиски производ, воопшто ни треба таков закон каков што заговараше опозицијата.

Втората дилема е дали со овој закон треба да се регулира и материјата на употребата на тутунските производи, пушење, рекламирање итн.

Доколку во наредната фаза, Министерството и Владата одлучат дека ваков закон треба и ни достават предлог, освен дискусиите и забелешките кои беа искажани од колегите, јас имам само две кратки забелешки.

Првата забелешка ми е во однос на казнените одредби, бидејќи со примената на овој закон учествуваат три субјекти, правните лица кои се занимаваат со оваа област, физичките лица производители и учествуваат, органите или Државните инспектори и инспекторатите.

Во казнените одредби има предвидено казни за непочитување на овој закон само на физичките лице и на правните лица, а нема казнени одредби на официјалните државни лица, бидејќи и тие можат да го кршат законот, можат да издаваат дозволи на лица кои не ги исполнуваат пропишаните услови. Да кажеме во член 21, правните лица од овој член треба да ги исполнуваат следните услови за да бидат производители: увид на тоа вршат државните инспектори, прават записник, меѓутоа може некој да не ги исполнува условите, а тие може да му дадат позитивно мислење и да биде запишано.

Исто така во член 34 каде за производство, промет, увоз-извоз, кажано е правните лица кои се услови треба да ги исполнуваат, инспекторите даваат мислење и дали е можно некој да биде запишат во регистарот на производители, на трговци, а да не ги исполнува условите. Затоа, мислам, бидејќи сите луѓе се грешни, тутунот е голем бизнис, треба да бидат предвидени казни и за инспекторите и инспекторатите.

Втората забелешка ми е начлен 13, она што се треба да содржи договорот задолжитлно, бидејќи долго време зборувавме за откупот т.е. за неплаќањето, каков е откупот, ако некој не го плати тутунот. Затоа во член 13 под овие алинеи кои се наведени, обавезно треба да стои и рокот и начинот на плаќање на тутунот. Значи тука има се, откупна цена, времетраење на договор, аванси итн. Меѓутоа, најважното е дека откупувачот треба да го плати тутунот и треба да биде јасно назначено во договорот за да може после странката, врз основа на договорот, ако некој не го платил тутунот, да си покренува други постапки за остварување на своите права.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата, пред да преминема на гласање по заклучокот.

Ги молам службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот)

**Љупчо Јордановски:** И се заблагодарувам на опозицијата што го обезбеди кворумот.

Го предлагам следиов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за тутунот и тутунски производи.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон за тутун и тутунски производи, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела, и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеника, 53 гласале за, 1 воздржан и 11 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 28 - Предлог за донесување на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.**

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Кралевски имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министер, според Уставот на Република Македонија, Република Македонија е унитарна, самостојна и суверена држава.

Република Македонија воедно е и граѓанска и демократска држава.

Според членот 2 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Сакате да и дозволите на министерката.

**Чедомир Краљевски:** Секако.

**Љупчо Јордановски:** Повелете министерке. Уводен збор има министерот за правда.

**Чедомир Краљевски:** Значи не е моја вина.

**Мери Младеновска Георгиевска:** Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Уставот на Република Македонија во основните одредби со кои се воспоставува уставното уредување и се утврдуваат темелните вредности на уставниот поредок, го гарантира правото на граѓаните, власта во Република Македонија да ја остваруваат преку демокртски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување.

Основното политичко право на граѓаните за нивно учество во образувањето на политичките институции, се остварува преку непосредни избори за избор на органите на власта и со учество во одлучувањето преку демократските облици на непосредна демократија, при што секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавните функции.

Во нормативниот дел Уставот на Република Македонија во пет члена го уредува референдумот и граѓанската иницијатива оставајќи простор со закон да се уредат и другите познати и признати облици на непосредна демократија и начините на нивното остварување.

Имајќи го предвид генералното овластување од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија да донесува закони и да уредува односи од значење за функционирањето на системот на државното уредување, во кругот на прашања што треба да се уредат со овој закон, покрај референдумот и граѓанската иницијатива на државно ниво за кој има одредби во Уставот на Република Македонија, се уредуваат облици на непосредно учество на граѓанинте во одлучувањето и во единиците на локалната самоуправа.

Во правниот систем на Република Македонија, непосредното учество на граѓаните на законодавен план е уредено со законот за собирање на потписи на избирачи за предлагање за донесување закон, за распишување на референдум и за поднесување предлог за пристап кон измена на Уставот на Република Македонија, донесен во 1996 година и со Законот за референдум и граѓанска иницијатива донесен во 1998 година.

Според постојното решение во Законот за референдум и граѓанска иницијатива, референдумот може да се распише и во единиците на локалната самоуправа, за прашања од локално значење и од надлежност на единици на локална саоуправа, а неговото уредување е предвидено да се врши со статутот на единиците на локална самоуправа

Новиот закон за локална самоуправа донесен во јануари 2002 година, посвети посебно значење на прашањата за непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во единиците на локална самоуправа во единиците преку кои се остварува непосредната демократија. Новина е тоа што овој закон предвидува облици на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на локално ниво да се остварува, помеѓу другото и преку граѓанска иницијатива, собир на граѓани и референдум на начин и постапка утврдени со закон.

Во меѓувреме во постапката за собирање на потписи за распишување на референдум кој беше спроведен на 7 ноември 2004 година, се јавија одредени проблеми кои произлегуваат од неадекватни решенија во постојниот закон за референдум и граѓанска иницијатива.

Поаѓајќи од постојната законодавна регулатива за облици на непосредна демократија, оценката за нејзино процизирање и вградување на законски решенија за уредување со закон на граѓанската иницијатива, собирот на граѓани и референдумот како неотуѓиво и неприкосновено право на граѓаните за непосредно учество во одлучување на локално ниво се пристапи кон изготвување на нов законски текст со обединување на решенијата во постојните два закона од оваа област и со исполнување на законот за локална самоуправа.

На овој начин, се обезбедува значаен придонес во надградба на правниот систем, негово усогласување со законодавството на земјите од ЕУ и блиското соседство, чии искуства се користени во оваа фаза од изготвување на законот.

Почитувани пратеници,

Со Предлогот за донесување на Закон за референдум и други облици на изјаснување на граѓаните, најнапред се врши терминолошко имплементирање на одредбата од членот 2 став 2 од Уставот на Република Македонија, според која граѓаните на Република Македонија власта на остваруваат преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување, со што се надминјува постојната тесна формулација во називот на Законот за раферендум и граѓанска иницијатива.

Во Предлогот се задржуваат основните решенија содржани во Уставот за прашања на распишување на референдум на државно ниво, граѓанска иницијатива на државно ниво, начинот на распишување на референдумот,

карактерот и исходот на постапките од референдумот и граѓанската иницијатива.

Во посебни одредби се уредува прашањето за распишување на референдум, граѓанска иницијатива и собирот на граѓаните што се организираат во единици на локална самоуправа за прашања од нивна надлежност и на локално ниво, со што се создава законска рамка за овој вид на непосредна демократија, која што не беше уредена со закон.

Исто така, во текстот се предвидува да се задржат решенијата од Законот за референдум и граѓанска иницијатива и Законот за локална самоуправа кои ги набројуваат прашањата за кои не може да се распише референдум на државно, односно на локално ниво, со опфат на решенија кои се предвидени во Уставот за одлучување по прашања од тн., Батентерово мнозинство.

Со цел одржувањето на референдум на државно ниво и одржувањето на референдум на локално ниво да добијат неспоред легитимитет, се предвидува тој да се спроведува пред органите кои се предвидени за спроведување на избори за избор на претседател на Република Македонија, односно пред органите кои се предвидени за спроведување на локални избори, за избор на членови на совети и градоначалниците на единиците на локалната самоуправа, односно Градот Скопје. Бројот на членовите на избирачките одбори е намален од 5 на 3, а персоналниот состав самостојно го определуваат изборни комисии, со што се надминува политичкото учество за предлагање кандидати за членови на избирачки одбори.

Со посебни одредби се предвидува да се обезбеди полна заштита на гласачкото право на граѓаните од повреди, поради неправилноста во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултати од гласање на референдуми со предвидување на органи кои постапуваат во втор степен по жалби, а постапките се итни.

Граѓанската иницијатива на државно ниво се спроведува пред органот на државна управа надлежен за водење на избирачкото право, пред кого се даваат потписи на граѓаните и од кого се потврдува нивната веродостојност, решение кое постоеше и до сега.

Наспроти ова решение, граѓанската иницијатива на локално ниво се предвидува да ја организира самостојно предлагачот на начин и на кој тој ќе ги определи. Ваквото решение за граѓанската иницијатива на локално ниво, треба да обезбеди поголема демократичност во самостојното организирање на граѓаните во единиците на локалната самоуправа и покренување на иницијативи за прашања од локално значење.

Собирот на граѓаните како форма на непосредно учество на граѓаните во вршењето на работи од локално значење се предвидува само на ниво на единиците на локалната самоуправа, од причина што собирот на граѓаните може да се организира во средини и е од значење за изјаснување од граѓаните од општината и во облилци на месна самоуправа како форма предвидена во Законот за локална самоуправа.

Решенијата што се предлагаат за непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на единиците на локална самоуправа за прашања од локално значење се усогласени со Препораките на Комитетот на министри на Советот на Европа усвоени во 1996 година, со што демократијата на локално ниво добива обележје на европските стандарди.

Со преодните и завршни одредби се создаваат обврски за усогласување на статутите на единиците на локална самоуправа со одредби од Законот во рок од три месеци од денот на негово влегување во сила и со исполнување на тој услов, целосно ќе се уреди прашањето за непосредно учество на граѓаните во вршење на власта, како на државно ниво, така и на локално ниво.

Заради значењето на прашањата што се уредуваат со Законот, а особено за новите решенија што се предлагаат, донесувањето на законот се одвива во две фази. Во тој поглед се очекува да се чујат мислења и предлози од вас почитувани пратеници, со што ќе се овозможи на предлагачот да изготви Предлог закон по мерка на современите демократии и во интерес на успешното функционирање на облиците на непосредна демократија.

На крај би спомнала дека иако со овој закон не се врши директна децентрализација на власта од државно на локално ниво и од тој аспект донесувањето на овој Закон е од особена важност, бидејќи се пополнува правен вакум за остварување на демократијата на локално ниво за прашања од локално значење.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема реплика, господине Стојановски. Нема ни процедурално. Ова е воведен збор. Јавете се за збор па зборувајте пет саати, кажете се што мислите. Процедурано-ако нешто реплицирате, веднаш ќе ве прекинам.

Повелете, што е процедуралното да слушнам.

**Блаже Стојановски:** Господине претседателе,

Точките што се ставаат на дневен ред на Собранието на Република Македонија мора да бидат пред се усогласени со Уставот на Република Македонија. Согласно член 2 од Уставот на Република Македонија, власта ја остваруваат граѓаните преку демократски избрани претставници и по пат на референдум и други облици . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Краљевски, имате збор. Благодарам, не е процедурално, имате збор господине Краљевски.

(пратеникот Блаже Стојановски реагира со зборовите "Не можевте да оцените што е тоа").

**Чедомир Краљевски:** Дајте му нека го постави прашањето процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Оценив дека не е процедурално.

Доста ве слушнав. Повелете господине Краљевски, имате збор.

(Пратеникот Блаже Стојановски реагира )

Господине Краљевски, продолжете.

**Чедомир Краљевски:** Да почнам, не да продолжам.

Претседателе, јас би ве замолил да не ја усложнуваме работата, нека го постави прашањето Блаже Стојановски.

**Љупчо Јордановски:** Ова е воведно излагање. Секој има право на збор. Јас не знам во што е процедурата прекршена. Во што е прекршена процедурата? Дали е во излагањето на министерот? Уставот ако е прекршен, тоа кажете си го.

**Чедомир Краљевски:** Нека го постави прашањето, можеби има за што да каже.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Блаже Стојановски, завршете го вашето процедурално, да слушнеме што е толку погрешно процедурално. Што е тоа толку погрешно процедурано.

**Блаже Стојановски:** Процедурата се однесува господине претседателе на почитувањето на уставните можности за расправа по одредени прашања од страна на овој Парламент. Ние зборуваме како претставници на граѓаните, како пратеници, а зборуваме за облици кои се дефинирани за непосредно изјаснувае, вклучувајќи го тука и правото на референдум на граѓаните на Република Македонија. Значи немаме ние мандат да одлучуваме за непосредното изјаснување, затоа што согласно Уставот немаме таква можност.

**Љупчо Јордановски:** Господине , сега ќе ве прекинам. Овде во овој парламент секој може да поднесе закон. Ова е закон и овој Парламент расправа во врска со законите. Процедурата воопшто не е оштетена. Ако законот е противуставен, вие кажете го тоа во вашата дискусија. Имавме закон кој беше многу ирационален за поништување на избори, јас го ставив да се дискутира. Ова е закон предложен од страна на Владата за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните. Ако е противуставен вие гласајте против, а никако процедурата не е прекршена, бидејќи овој Парламент се изјаснува по закони.

**Блаже Стојановски:** Се работи за надлежност претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Не, надлежност на овој Парламент е да носи закони. Може законите да бидат апсурдни, можат да бидат нелогични, можат да бидат добри, можат да бидат лоши. Ние се изјаснување по закони. Овде имате Предлог на закон и немојте ве молам да бидете некоректни, а во вашиот говор кажете го тоа. Затоа, јас знам што ви е. Веќе година ипол сме заедно, знам ќто ќе кажете. Овде се носат закони, овој закон може да биде апсурден, може да биде противуставен, вие тоа ќе си го кажете кога ќе дискутирате.

**Блаже Стојановски:** Не смее да биде противуставен, претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Ова е закон господине Стојановски и повторно задача на овој Парламент е да ги разгледува, да ги прифаќа и да ги одбива законите. Ова овде е предложен закон.

**Блаже Стојановски:** И да работи согласно Уставот на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господине, согласно со Уставот Собранието носи закони, законодавно тело е. Според тоа, ова е закон, форма на закон. Во вашето искажување вие кажете ги тие неуставни елементи на овој закон

Повелете господине Краљевски..

**Чедомир Краљевски:** Уште еднаш благодарам. Јас ќе кажам нешто за неуставноста на Предлогот на законот и се надевам дека ќе ги надминеме овие недоразбирања, дали се работи за процедура или за материјална расправа.

Во моето излагање ќе го цитирам ставот 1, делови од членот 1 и членот 2 од Уставот на Република Македонија. Според Уставот на Република Македонија, Република Македонија е унитарна, самостојна и суверена држава. Република Македонија воедно е граѓанска и демократска држава.

Според членот 2 конкретно: "Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните ".

Став 2 од членот 2 на Уставот: "Граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување". Значи многу е јасен членот 2 од Уставот на Република Македонија. Демократијата по дефиниција е власт на мнозинството, дали се тоа граѓани или народ сеедно, а референдумот е непосреден израз на волјата на граѓаните за одредено прашање. Значи станува збор за непосредна демократија како највисок степен на партиципација на граѓаните во власта, односно во креирањето на власта.

Според членот 73 од Уставот на Република Македонија Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Ставот 3

на членот 73 од Уставот "Собранието е должно" значи облигаторно "да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150.000 избирачи".

Ова се уставните решенија кои се основ и рамка за донесување на законот за референдум и од кои услови и рамка не може да се отстапува. Владата односно владеачката коалиција, СДСМ, ДУИ и ЛДП, преку Министерството за правда ни предлага закон за референдум, кој пред се е неуставен, кој е плод на политички договор на партнерите во Владата и кој на еден перфиден начин, преку само еден став, од само еден член, а тоа е ставот 3 од членот 28 од Предлог законот, преку кршење на Уставот го укинува демократското право на граѓаните на Република Македонија да одлучуваат непосредно за така битни прашања од нивното општествено живеење и организирање.

Цитираниот член, односно членот 28 став 3, од Предлог законот за референдум гласи: "дополнителен референдум на државно ниво не може да се распише за прашања за кои Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.". Поедноставено ова значи дека не може да се распише референдум по граѓанска иницијатива од 150.000 собрани потписи за прашања за кои Собранието одлучува со т.н. Бадентерово мнозинство.

Попатно да кажам дека другите одредби од овој Предлог закон имаат повеќе или помалку технички карактер, општо се прифатливи бидејќи дорегулираат, допрецизираат, објаснуваат и систематизираат одредени прашања од оваа област. Меѓутоа, со решението од ставот 3 од членот 28 од Предлог законот се елиминира и последниот штит, последната би рекол линија на одбрана на граѓанското мнозинство од закони кои слободно можам да кажам дека имаат или би имале деградирачко дејство за Република Македонија, за Република Македонија онаква како што е дефинирана во членот 1 и 2 од Уставот на Република Македонија.

Би наброил некои од законите што ова Собрание ги има донесено со Бадинтеровото мнозинство, кои не биле ставени на референдумска проверка пред граѓаните на Република Македонија, значи граѓаните не ја користеле таа можност, но со овој Предлог закон им се укинува и правото на користење на таа можност. Ова се неколку закони, кои ќе ги набројам, што во својата практика Собранието ги донело со Бадинтеровото мнозинство. Тоа е закон за изменување и дополнување на основното образование, Закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование, Закон за изменување и дополнување на Законот за лична карта, Законот за изменување и дополнување на Законот за локални избори, Законот за изменување и дополнување на Законот за култура, Законот за изменување и дополнување на Законот за високо образовоние, Законот за изменување и дополнување на Законот за Воена академија, Законот за изменување и дополнување на Законот за државен универзитет во Тетово, Законот за заштита на културното наследство, Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, Законот за градот Скопје, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за изменување и дополнување на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија. Во оваа група закони спаѓаат секако и оние закони што ги нарекуваме системски, каде што интервенцијата е само за воведување на Законот за употребата на јазикот на етничките заедници, оние што го исполнуваат тој услов, а тука е Законот за општоуправна постапка, Законот за кривична постапка, за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка, Законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка, Законот за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка, Законот за дополнување итн. Значи ова се законите за кои напоменав дека се работи само за интервенција за воведување на одредби за употреба на јазиците на етничките заедници во Република Македонија. Овде е цела лепеза од наброени, до сега донесени во Собранието на Република Македонија закони со Бадинтеровото мнозинство, кога граѓаните на Република Македонија не го користеле правото овие законски решенија да ги стават на нивно дополнително одобрување преку референдум.

Меѓу наброените закони го спомнав и Законот за територијална организација на општините во Република Македонија, за кој Закон се одржа референдум во Република Македонија, меѓутоа, сите знаеме благодарејќи на непринципиелната кампања на Владата која користеше отворени закани за отказ на вработените во јавниот сектор, одредено етикетирање на одредени личности кои застапуваа преку референдум да се поништи овој Закон, овој референдум благодарение на таквата неприципиелна кампања, уште еднаш кажав, не успеа.

Моја сугестија е ова право на граѓаните, односно правото на референдум да остане и понатаму, а енергијата на заинтересираните субјекти одреден закон да опстои, како што беше да кажеме енергијата на Владата кога се работеше за територијална организација на општините да се пренасочи во една принципиелна кампања, примерена на

кампањите од западните демократски земји, како што беа кампањите да кажеме сега во последно време во Франција и Холандија околу Уставот на Европската унија.

Да продолжам, на ваков начин воведуваме односно со евентуално донесување на овој закон - законот за референдум предложен од Владата, воведуваме догматизам како филозофија на владеење на законите кои се носат со таканареченото Бадентерово мнозинство ги прогласуваме за догми. Овде употребените поими догматизам и догма имаат световно, а не црковно значење односно смисол. Зошто догми? Затоа што во еден историски момент кога на власт е одредено парламентарно мнозинство кое е во сервилен однос на сопствената политичка елита, тогаш и така донесените закони со овој Предлог-закон еднаш засекогаш се детонираат и стануваат практично непроменливи. Не се остава можност, според начелото "се тече се се менува" во некое идно време кога односот на политичките сили и општата политичка волја е поинаква од онаа што била во време на донесениот закон или закони со Бадинтеровото мнозинство, таквите закони преку референдум да бидат променети. Така, Законот за територијална организација на општините во Република Македонија за кое имаше огромен отпор истиот да се донесе со кој практично се направи неправична етничка поделба на државата која се декларира како граѓанска, по истекот на рокот од една година од одржаниот референдум и во друга политичка атмосфера нема да може да се стави на референдумска проверка од граѓаните на Република Македонија.

Второ, на следната собраниска седница на дневен ред е Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог-закон, кој исто така е дискутабилен од аспект што истиот содржи решенија со кои се ограничува, по дефиниција, суверенитетот на една самостојна, суверена држава, конкретно на Република Македонија. Носењето на овие два закона значи законот за референдум и Предлог-законот за употреба на знамињата на заедниците на Република Македонија исто така ја исклучуваат референдумската проверка на граѓаните конкретно на овој закон како што е законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија.

На крајот, ако ваквиот Предлог-закон за референдум произлегува од духот на Рамковниот договор, тогаш тој ќе беше вграден соодветно во уставните амандмани со кои беше променет Уставот на Република Македонија во 2001 година. Сметам дека и тогаш законодавецот бил свесен дека не треба да се чепка и ограничува највисокото демократско, па би рекол и природно право на граѓанинот непосредно и преку референдум да одлучува за одредени прашања што го тангираат неговото егзистирање и живеење во Република Македонија.

Токму заради тоа членот 73 од Уставот не е дерогиран со уставен амандман во 2001 година. За мене значењето на член 28 став 3 од Предлог-законот за референдум во однос на останатите решенија од овој Предлог-закон сликовито би го компарирал со волуменот на подводниот дел од санта мраз во однос на делот над водата.

Сакајќи што повеќе и лично да му застанам на патот на ваквото законско решение и во оваа фаза, јас ќе бидам против овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Краљевски.

Тоа е начин како се дискутира и расправа по законите, а не да се проблематизираат законите која е основна задача на овој Парламент да се расправа и носат закони.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, претставници од Министерството за правда, дами и господа пратеници.

Ќе се согласам со дискусијата на колегата Краљевски дека овој закон е неуставен и ќе го повторам за да не стане забуна дека не се разбираме, демек не е разбран почитуваниот колега Краљевски, ќе го прочитам уште еднаш ставот 2 од членот 2 на Уставот на Република Македонија каде се вели дека граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници по пат на референдум или други облици на непосредно изјаснување.

Ќе го цитирам и членот 73 за да нема повторно недоразбирање. Ставот 1: "Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници". Ставот 3: "Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150 илјади избирачи".

Значи, да расчистиме, нема дилеми дека овој закон во основа е неуставен. Меѓутоа, до некаде и да се согласам со фактот дека со овој Предлог или намерите на Владата се да се опфатат облици, начини и постапка за остварување на непосредната демократија како едно од основните права на граѓаните гарантирано со Уставот, како што претходно ви читав, да се согласам до некаде и со намерите односно барем она што го кажуваат претставниците на Министерството за правда независно дали тоа е министерот или е заменикот министер во нивните официјални образложенија иако искрено да ви кажам не верувам дека толку се искрени намерите дека е поцелисходно една материја која е регулирана, според нив, со два закона и пропишани обрасци

да се стави во една законска рамка заради поголема прегледност и поголема можност за негова примена или полесна примена.

До некаде да се согласам и со она што е наведено како причини за донесувањето на овој закон дека законот за референдум и граѓанска иницијатива ваков каков што е предожен од Владата се вбројува во пакетот на закони кои треба да претрпат измени за да се обезбеди функционирање на локалната самоуправа и спроведување на реформите за децентрализација на власта иако, искрено, јас не гледам допирни точки меѓу овој Предлог-закон и спроведување на реформите за децентрализација на власта. Ние го донесовме Законот за локална самоуправа, таму се наведени и референдумот и граѓанската иницијатива и собирот на граѓаните, децентрализацијата на власта се уредува со други закони така што ова образложение не држи од страна на Министерството или причина за донесување на овој закон.

Е, тука завршува моето согласување или моето размислување со размислувањето на Министерството за правда, односно претставниците на Владата. Ние како Република Македонија и со постојните закони кои се наведени како причина за да се донесе овој сублимиран закон кои ги имаме поодамна од минатиот век сме ги регулирале облиците на непосредно изјаснување како решенија со кои се воведени демократски форми од современата демократија, така што со овој закон не ја откриваме Америка, неа ја открил Колумбо.

Сега, има едно интересно образложение на Министерството за правда кое се повикува на некои традиционални поднебја, не знам колку сте го прочитале целиот Предлог за донесување на закон, тоа ми падна во очи, овој закон бил во согласност со традиционалните сфаќања на ова поднебје. Дали и колку се адекватни да се повикуваме на тие традиционални сфаќања од ова поднебје, тоа е наведено во целите кои сакаат да се постигнат со овој закон е прашање за кое, за да се одговори, прво треба да знаеме што е традиција, а искрено да ви кажам во ова 2005-то лето Господово ние или поточно Владата ни забранува или така попластично да се изразам, сака да ни го измие мозокот и да не знаеме веќе што е традиција, кои сме, што сме, од каде сме, кој на кого што му е. Во едно такво безредие Владата го предлага овој закон како, демек, многу важен закон, де факто, законот е само една убава шминка, како се друго да ни е средено во државата, ни остана само ова да се средат некои непосредни изјаснувања на граѓаните и кога ќе го решиме ова директно се катапултираме во Брисел и влегуваме во Европската унија.

Сега, ако се земе во предвид дека ни претстои измена на изборната регулатива, а во овој закон се препишуваат одредби од Законот за избор на пратеници и од Законот за локални избори во однос на надлежностите на Државната изборна комисија, на Општинска изборна комисија, одборите и тн. логично се наметнува прашањето зошто токму сега треба да го носиме овој закон. Зарем не може овој закон толку многу да почека еве да речеме до есен кога најверојатно ќе се појават дефинитивните предлози за измена на изборната регулатива.

Јас, искрено да ви кажам, не навлегувам во поединечните членови освен оние кои се многу специфични како членот 28 став 3, затоа што другите се апсолутно технички и членот 40 став 2. Според мене би сакала само да спомнам членот 8 од Предлогот и членот 27 од Предлогот.

Во членот 27 се вели, ќе ви го цитирам затоа што е само еден став: "за претходно консултирање на граѓаните за прашања од пошироко значење за Република Македонија, може да се распише референдум на државно ниво за консултирање на граѓаните или таканаречен референдум за консултирање". Значи, за прашања од пошироко значење.

Во членот 8 се вели: "одлуката донесена на референдум за консултирање не е задолжителна". Мене не ми е јасно, ако со референдум со кој се консултираат граѓаните во оваа држава за некоја работа или за некои прашања од пошироко значење за целата држава и тоа како референдум на државно ниво, тогаш како може таа одлука да не биде задолжителна за државата? Не ми е јасно. Дали да го споредам овој пример вака како што е регулиран кај нас со она што се случи во Франција со референдумот за Европскиот устав. Граѓаните рекоа ние не го прифаќаме Европскиот устав, дали власта требаше да рече не ми е важно мислењето, одлуката на референдумот е незадолжителна, ние ќе си го прифатиме Уставот, Франција ќе го прифати. Граѓаните ќе ги линчуваа.

Втор пример да ви кажам. Во Шведска имаше референдум за тоа дали Шведска да влезе во Монетарната унија или да не влезе. Граѓаните рекоа ние не сакаме да влеземе во Европската монетарна унија, ќе си останеме со шведски круни, не ни требаат евра и власта до ден денес го почитува тоа право на граѓаните.

Само ние нешто измислуваме некои варијации, се нешто ќе ги проверуваме нашите мозочни виуги, кога има работи за кои нешто некаде е уредено.

Втората работа пострашна, пострашна здравје, членот 28 став 3. Со оваа одредба, почитувани колеги пратеници, иако некои колеги од ДУИ на комисиите велеле дека нема поделба по етничка основа, јас сметам, тврдам, не дај Боже да треба да се докаже дека ова со овој член, овој став е всушност токму поделба по етничка основа. Опасноста од овој член постои во тоа

што со него ќе се ограничи правото на граѓаните на непосредно одлучување за прашања кои веќе се регулирани со закон, а кои се однесуваат на културата, употребата на симболите, употребата на јазиците, личните документи и да потенцираат посебно употребата на симболите за која сметам дека, со оглед на тоа дека доаѓа законот за употреба на симболите да се протурка побрзо за да не можат граѓаните на Република Македонија да бараат дополнителен референдум доколку се усвои законот за употреба на знамињата и тоа, верувајте, единствена причина зошто се предлага ваков закон. На тој начин, всушност, се ќе зависи од волјата и моменталното расположение на претставниците на владеачката структура.

Еве ќе ви кажам пластичен пример како тоа ќе функционира во пракса, како што реков на дневен ред ќе дојде законот за употреба на симболите, претходно премиерот и Ахмети, претседател на ДУИ како дел од владеачката коалиција, инаку многу голем борец за човекови права, редовно ги бара позадински, си ги добива институционално и се она што си побара ќе си добие и си добива, значи тие двајца елегантно го пуштаат овој закон во собраниска процедура, си го имаат парламентарното мнозинство, кое уште поелегантно ќе го изгласа овој закон. Е, после се собрале некои 150 илјади граѓани од оваа држава и викаат дајте да направиме еден референдум против законот за употреба на симболите, го доставуваат до многу почитуваниот претседател на Собранието господинот Љупчо Јордановски, господинот Љупчо Јордановски вели, се извинувам, согласно членот 28 став 3 од законот за референдум и граѓанска иницијатива, вашето барање е неосновано. И толку. Ние завршуваме со целата приказна.

Сега, ни Господ ни Алах ни Буда не можат да го бришат она што оваа Влада ќе го пише. Немаат право, согласно член 28 став 3 од законот. Едноставно немаат право.

Кого и што, почитуван претседателе, ние штитиме со ваквата одредба, дали тоа е начинот на кој се одлучува во оваа наша хаотична Република Македонија односно таканареченото Бадинтерово мнозинство кое како еден дел од Уставот на Република Македонија, а кое благодарение на борците за човекови права, поранешна ОНА, сегашна ДУИ и го наметнаа да биде дел од Уставот на Република Македонија или пак ние го штитиме Уставот на Република Македонија во кој покрај Бадинтеровото мнозинство има и нешто друго, не е Уставот само Бадинтерово мнозинство, има и други права и обврски кои се регулираат во тој Устав, а кои се однесуваат на сите граѓани на Република Македонија. Треба да се однесуваат, затоа уште еднаш ќе потенцирам, доколку само заради потреба на единствен и сублимиран начин да се сака да се уреди правната материја која се однесува на непосредно одлучување на граѓаните на Република Македонија, можеби има основ да се предожи ваков закон. Но, што мајка бара членот 28 став 3 во овој Предлог за донесување на закон за референдум и граѓанска иницијатива? Доколку пак потребата за донесување на овој закон е мотивирана едноставно за безбедно да се вметне ова, според мене, крајно дискриминирачка одредба, тоа уште еднаш покажува дека Владата континуирано потклекнува на барањата на припадниците, целосно име и презиме, на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, тоа се однесува на албанската популација, мислам тоа мораме да го прецизираме и да знаеме на кого се однесува.

Затоа велам дека мнозинството до крајни граници е дискриминирано од страна на малцинството. И тука јас не верувам дека некој во овој Парламент нема да се сложи освен колегите од ДУИ. Извинете господа припадници на заедниците кои не сте мнозинство во Република Македонија тоа го нема ниту во Европа, ниту во целиот свет. Јас го почитувам Чарлс Дарвин и неговата теорија за еволуција, ама не сакам некој да ме врати назад во времето, да ме прави мајмун, затоа што таа фаза од еволуцијата завршила, барем за мене завршила, не знам за вас другите. Затоа нема да гласам, ниту да го подржам ваквиот неуставен предлог.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска. Само би ја прашал госпоѓа Којзеклиска, дали сегашниот Закон за референдум е против уставен? Вас ве прашувам, бидејки вие велите дека сегашниот Закон е противуставен затоа што се забранува, а во сегашниот закон се забранува референдум за буџет, за избрани функционери. Значи е противуставен по вашата логика? Ова е реплика. Затоа госпоѓа Којзеклиска може да ми даде контра реплика.

**Марија Којзеклиска:** Прашајте ја Владата. Таа се знае.

**Љупчо Јордановски:** Процедурално, господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Прво, претседателе, сега каде го нарушивте Деловникот? Реагирам процедурално. Значи, пратеник на пратеник не може да му постави прашање, тоа е една работа независно дали е претседател. Вие како претседател на Собранието може да се грижите доколку пратеникот излегува од тема, не зборува за тоа, да го опомените до два, три пати и да му го одземете зборот. Но, во никој случај не смеете да го прашувате пратеникот да ви одговори. Значи, почекајте ја можноста да станете министер, ќе имате таква шанса да ви поставуваме прашања, а вие да одговарате.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Ја прифаќам оваа критика, ќе молчам и ќе се јавам за збор кога треба.

Повелете една минута контра реплика.

**Марија Којзеклиска:** Претседателе, законот за референдум и граѓанска иницијатива е објавен во Службен весник број 24/98 од 28 мај 1998 година, значи постојниот што важи сега, донесен пак од оваа истата гарнитура. И тогаш ли бил неуставен, незнам. Пак мора нив да ги прашате.

**Љупчо Јордановски:** Сакав само да кажам, кога е толку противуставен досега некој требаше, барем опозицијата да покрене иницијатива пред Уставен суд, да каже дека е неуставен.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска**: Почитуван господине претседател, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги пратеници, денеска расправаме за Предлогот за донесување нов закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните преку кој се сака да се направи обединување и усогласување на пообемна материја од неколку закони. Идејата можеби и не е лоша, но резултатот е само делумно успешен. Добро е што законот ќе оди во фази, со што ќе може да се подобри и да се внесат сите издржани забелешки. Еве ги моите забелешки.

Прво, самата структура на законот не е добра. Според мене нема доследна градација и објаснување на поимите и принципите, па не може лесно да се следи материјата. Изложувањето на содржината оди напред, назад со прекини. Сугерирам преструктурирање на законскиот текст со логичен след од граѓанска иницијатива преку собраниска процедура до референдум.

Втора забелешка, постојат повеќе терминолошки непрецизности и недоречености. На пример, секаде каде што се зборува за иницијативи и активности на локално ниво треба да се изостави фразата, општините во градот Скопје зошто тие се веќе опфатени со формулацијата, општините и градот Скопје.

Понатаму, во членот 2 во објаснувањето за кои прашања се однесува референдумот покрај од локално значење треба да се додаде: и од национално значење бидејќи референдум има во двата случаи.

Понатаму во членот 12 во изразот: иницијаторот може да води јавна пропаганда, предлагам да се смени зборот "пропаганда", со "кампања", затоа што пропаганда може да има и пежоративно значење.

Во членот 26 точка 1 алинејата 2 треба да се брише затоа што е тафтологија на алинеја 1.

Во членот 66 точка 1 постои очигледна техничка грешка со бројката 100, наместо 10 илјади, а се однесува на минималниот број граѓани за покренување граѓанска иницијатива на ниво на држава, на национално ниво. Инаку 100 е минимална бројка за покренување иницијатива на локално ниво.

Трета забелешка, постои несклад на решенијата што се предлагаат со Уставот и со други закони кои се компатибилни со Законот за референдум. Ова се однесува на некои рокови за одредени дејствија, но и на одредени суштински одредби споредени со Законот за локална самоуправа и со други закони. На пример, за мене се проблематични решенијата што се нудат во членовите 66, 67 и 68, а се однесуваат на собраниската процедура при граѓанската иницијатива. На пример, во случај Уставниот суд да даде мислење дека граѓанската иницијатива е неуредна, Собранието повторно одлучува дали е уредна. Според мене тоа не може да биде,

затоа што одлуката на Уставниот суд е неотповиклива. Но, она што побуди најмногу внимание и дискусии уште на комисиските расправи се ставовите од членовите 28 и 40 со кои се забранува распишување референдум за прашања за кои Собранието, или Советот на единицата на локалната самоуправа одлучува со Бадинтерово мнозинство. Најмногу ќе се задржам токму на ова, затоа што е најсериозен превид и по својата суштина го суспендира референдумот како граѓанска институција. Ќе наведам повеќе аргументи.

Прво, ваквото решение пред се крши две од основните начела врз кои се заснова самиот закон што се наведени во глава 3 од образложението за донесувањето на законот. Тоа се цитирам: "демократичност на постапките за остварување на власта на граѓаните и остварување на правото на граѓаните на иницијатива".

Втор аргумент, со новиот Владин предлог драматично се зголемува листата на забранети теми за изјаснување на референдум. Читајќи го десетиот амандман на Уставот кој ја регулира примената на Бадинтеровото мнозинство во Собранието и споредувајќи го со предложеното решение во новиот закон за референдум, гледаме дека на таканаречена црна референдумска листа дојдоа и сите прашања од културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите. Знаејќи колку е голем бројот на закони и прописи што можат да се подведат под овој принцип, излегува дека се прави сериозна суспензија на највисокиот облик на демократија, непосредното граѓанско изјаснување.

Трет аргумент, ваквата законска формулација поткопува најмалку два столба на државата, нејзиниот граѓански карактер и нејзината демократска ориентација дефинирани со Уставот. Во преамбулата на Уставот стои дека граѓаните на Република Македонија се носители на суверенитетот заедно со

македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите. Ова беше цитат.

Понатаму, во текстот на Уставот член 2 став 2 децидно е предвидено правото на граѓаните на референдум со исклучок на прашањата за Буџетот, јавните давачки, амнестија, војна и мир. Значи, господине претседателе многу прецизно е кажано во нашиот Устав со кои прашања не смее да се оди на референдум.

Четврто, ако правото на непосредно изјаснување им следува на граѓаните според Уставот, тогаш тоа не може со закон да биде поништено. Не може граѓаните да се ограничуваат за огромен број прашања да го изразат и да го наметнат своето мислење над политичките елити низ форма на непосредна демократија. Не може ние пратениците кои сме избрани од граѓаните за да носиме одлуки во нивно име преку посредна демократија сега да се ставаме над нив и нивното право на непосредна демократија.

Почитувани колеги, законите се прават заради граѓаните и заради нивниот живот. Не може ние да им забраниме на граѓаните да поништат некој закон од кој не се задоволни, а токму граѓаните најдобро можат да ги оценат нашите закони затоа што ги чувствуваат на своја кожа.

Петта аргументација, сметам дека голема манипулација се прави со Бадинтеровото мнозинство. Тоа е дел од Рамковниот договор како механизам за заштита на малцинските заедници од мнозинската. Но, да бидеме прецизни. Бадинтеровото мнозинство е заштитен механизам при донесувањето закони, а референдум се распишува во два случаја: За консултација на граѓаните пред донесување некој закон од страна на Владата, тоа е консултативен референдум и во случај на незадоволство на граѓаните од некој донесен закон, тоа е дополнителен референдум. Кога референдумот е успешен, граѓаните можат да повлијаат некој закон да се донесе според нивната волја во првиот случај, или некој донесен закон да се поништи во вториот случај. И во двата случаја конечната верзија на законот се гласа во Собранието со примена на Бадинтерово мнозинство за прашања на идентитетот. Значи, не постои никаква можност една етничка заедница да биде дискриминирана, или оштетена при носењето закон. Референдумот само им дава можност на сите граѓани да се произнесат за прашањата што се од нивен интерес. Онаму каде што ќе сметаат дека е донесен штетен закон и неприфатлив за мнозинството од нив, можат да обезбедат негово поправање. Сево ова важи и за донесување прописи и одлуки на локално ниво.

Шеста аргументација, директна негација на решенијата во членовите 28 и 40 се членовите 3 и 71 од истиот законски текст каде што се кажува дека граѓанска иницијатива може да се покрене и за промена на Уставот. Ова се инаку и уставни одредби. Значи, ако може со граѓанска иницијатива да се преиспитува највисокиот правен акт во државава која е рамка за сите закони, тогаш секако дека може да се преиспитуваат и сите закони што произлегуваат од него, освен оние што се во Уставот таксативно забранети.

Седма аргументација, ќе наведам уште една работа која укажува дека решениево со забрана на референдум за прашања што се носат со Бадинтерово мнозинство е прилично тазе спакувано набрзина и недоволно обмислено. Имено, во Законот за територијална организација во член 2 стои дека менувањето на границите на општините може да се прави само со консултирање на граѓаните преку референдум. Се разбира ова е во склад и со Европската повелба за локална самоуправа. Значи, и тој фамозен Закон за територијална организација за кој мнозинството во Собраниево толку убедено тврдеше дека мора да биде токму така до точка и запирка, затоа што тоа го бара Рамковниот договор, тој ист закон што се носи со Бадинтерово мнозинство го содржи референдумот како легитимно средство на граѓаните за искажување на нивната волја. Што правиме сега?

Почитувани колеги, да не прифаќаме решенија со кои референдумот сериозно се суспендира како институција, а државата се деградира и од граѓанска се приближува кон етничка. Предлагам да ги разграничиме поимите и принципите најпрво во нашите глави. Бадинтеровото мнозинство е за сите, но не е за се'. Бадинтеровото мнозинство е заштитен механизам против наметнувањето на мнозинството врз малцинството во Собранието и во општинските совети. Референдумот пак е регулаторен заштитен механизам против наметнувањето на малцинството врз мнозинството на ниво на држава. Референдумот има и една извонредно важна функција, тој е резервен заштитен нехανизам од лоша власт, од која и да е власт, затоа што власта е променлива категорија. Инаку, сите знаеме дека основниот механизам за заштита од лоша власт се изборите. Дозволете ми и мала шега, ако сега го суспендираме референдумот, дали следно би било суспендирање и на изборите. Се разбира, не верувам во тоа, како што не верувам и дека Владата ќе си дозволи во следната верзија да ги повтори истите грешки. Јас нема да можам да го поддржам овој ваков текст на овој закон, а до колку се изгласа како што се очекува, ќе очекувам подобар и попрецизен текст во склад со Уставот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Само јас под ризик да бидам неписмен, ќе може ли да ми кажете во кој член на Уставот таксативно е наброено по кои прашања не може да се распише референдум.

**Лилјана Поповска:** Господине претседателе, јас Уставот не го знам на памет и не ги знам наизуст членовите, меѓутоа до крајот на седницата јас написмено ќе ви доставам со фотокопија кој е тој член од Уставот.

**Љупчо Јордановски:** Мислам дека таков член не постои, туку тоа е уредено во Законот.

Има збор господинот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Почитуван претседател, почитувнаи колеги пратеници, почитувани претставници на Министерството за правда,

Би сакал да се изјаснам и јас по Предлог законот за референдум и другите непосредни изјаснувања на граѓаните кој што е даден пред пратениците и истиот се носи во две фази.

По однос на потребата неспорен факт е и не би го оспорил во тој дел, ако оценило Министерството, а кое сметам ќе го потврдат пратениците, дека со истиот можат да се подобрат некои одредби од постојниот Закон како не би се одело со измени и дополнувања, се оди на целосен закон. Во тој дел не би сакал ништо да укажам дека требало предлог за изменување и дополнување, или целосен закон. Во голем дел госпоѓата Поповска ми ги одзема скоро сите мои забелешки, така што би се задржал на една од битните забелешки која што ја спомна и таа, членот 3 од Предлогот каде што општините на градот Скопје се дефинираат како посебни, што сметам во втора фаза такви не треба да се повторуваат, бидејќи територијалната организација во Република Македонија како во Уставот, така и со законите е јасно дефинирана за територијална организација на општините и градот Скопје кое се регулира со посебен закон. Нема посебни општини на градот Скопје дефинирани. Мислам дека тоа треба да се исправи. И би се задржал повеќе на она што е, барем за мене противуставно, не целиот закон, туку одредбата на членот 28 став 3 е и те како противуставна од причини што не може да се одземе правото на граѓаните со закон, а кое што е утврдено со Устав, дека можат граѓаните да се изјаснуваат непосредно и тоа со референдум, или со друг облик. Што се сака? Веројатно иако законот се подобрува, претходниот Закон со овој Предлог закон по однос на права за регулирање на целата правна регулатива и процедура на референдумот и другите облици, но, сепак сметам дека основната мотивација била од членот 28 ставот 3. Ставот 1 и ставот 2 каде што се изјасни и претходниот дискутант дека тоа е утврдено со Устав, дека не може. Јас би кажал и нешто друго, дали е утврдено, или не е утврдено, не сум забележал. Основно е по однос на времето. Не може со референдум да се изјаснуваат за буџетот, кој знаеме дека се носи за еден месец најмногу, а на референдумот му требаат најмалку три месеци, или повеќе, или шест месеци. Токму од тие причини за буџетот и за непосредна воена опасност не може да се одлучува со референдум, затоа што временски тоа не одговара.

Третиот став каде што сакаме да воведеме Бадентерово мнозинство и по граѓанска иницијатива за одлучување по пат на референдум е и те како против уставно. Ако Бадентеровото мнозинство е опфатено во Уставот за одлучување во Собранието или во Советите на општините, истовремено би зборувал и за членот 40 кој е истоветен, ист со оваа одредба, само на ниво на република и на ниво на општини, Бадентеровото мнозинство е воспоставено по однос на состојбите кои што се случија во Република Македонија и мнозинскиот народ да не се наметнува над помалите народи, над заедниците на народите во Република Македонија со кое би се скратувале нивните права во голем дел и така е воспоставено во Уставот да се бара тоа мнозинство. Но доколку се воспостави тоа и во референдумот тогаш во Република Македонија би одлучувале малцинските народи, заедниците кои што се мал број на граѓани во Република Македонија. Со тоа се нарушуваат уставните одредби од ставот 2 каде што власта произлегува од народот и му припаѓа на народот. Значи со мнозинско одлучување, а не малиот број на граѓани да одлучуваат да му се наметнуваат на поголемиот број на граѓани.

Во тој дел сметам дека предлагачот, а исто така треба да се надраснат коалиционите партнери особено ДУИ и СДСМ, не треба во ниту еден случај да помислуваат дека со овој начин ќе ја решат состојбата. Тогаш ако ние пратениците овде одлучуваме во име на граѓаните кои ги пренесуваат нивните суверени права тогаш во целост би ги одземале суверените права на граѓаните да не можат да одлучуваат за било која работа и која е од интерес на мнозинскиот народ во државата.

Сметам дека предлагачот треба добро да оцени, добро да го разгледа овој став од членот 28, како и во членот 40, ставот 2 и ќе треба при предлагањето на законот во втора фаза воопшто тие да не дојдат во предвид како такви, затоа што било кои права да се од интерес на заедниците во Република Македонија може да ги обезбеди само мнозинскиот број на гласачи и пратеници. Никогаш тие сами не можат ништо, тоа е свеста и совесноста на мнозинскиот народ да ги подига правата на малцинскиот народ на иста висина на која што е потребно да ги имаат тие.

Затоа предлагам Владата ставот 3 од член 28 и став 2 од член 40 при Предлогот на законот да ги отфрли и да не ги допушти како такви, како и другите укажувања кои што ги укажаа колегите и посебно тоа што го спомнав во членот 3 да не се повторуваат и да не се наведуваат

општините во Градот Скопје како посебна категорија на локална самоуправа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

(Некои пратеници бараат збор процедурално)

Господине Рафис Алити, повелете процедурално.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседателе.

Во име на парламентарната група на Демократската унија за интеграција барам половина час пауза со цел да го прочитаме стенограмот и потоа да се вклучиме во расправата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Треба да бидеме конкретни, за кој стенограм станува збор.

**Рафис Алити:** Станува збор за стенограмите од пратеничката која што говореше претходно, госпоѓа Лилјана Поповска.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

И онака планирав бидејќи имам задолженија до 17,00 часот да работиме, во тој случај ја прекинуваме седницата, а да продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,26 часот)